„АЛО - ПЕНЗИОНЕРСКИ ПРАШАЊА“
СЕКОЈ ВТОРНИК И ЧЕТВРТОК ОД 10 ДО 12 ЧАСОТ
02/3213 227

ЕМИСИЈАТА „ТРЕТА ДОБА“ СЕ ЕМИТУВА СЕКОЈА САБОТА ВО 13.30 ЧАСОТ НА МТВ 1 ПО ЕМИТУВАЊЕ НА ВЕСТИТЕ. ЕКИПАТА МЕСЕЧНО ПОДГОТВУВА 2 ПРЕМИЕРНИ ИЗДАНИЈА, А ПО ЕМИТУВАЊЕТО НА ПРЕМИЕРАТА, СЛЕДНАТА САБОТА ВО ИСТИОТ ТЕРМИН СЕ ЕМИТУВА РЕПРИЗНОТО ИЗДАНИЕ ЕМИСИИТЕ ДОПОЛНИТЕЛНО СЕ РЕПРИЗИРААТ ВО ДРУГИ ТЕРМИНИ, НА МТВ 1 И НА САТЕЛИТСКАТА ПРОГРАМА

СЗПМ БЕСПЛАТЕН ВЕСНИК ЗА СЕГАШНИ И ЗА ИДНИ ПЕНЗИОНЕРИ

# ПЕНЗИОНЕР плус

16 февруари 2024 година
број 186

Година XVII Излегува еднаш месечно
www.szpm.org.mk e-mail: vesnik@szpm.org.mk СЗПМ тел. 02 3223 710
ISSN 1857-7660

# ПЕНЗИОНЕРКИТЕ СЕ БИТЕН ФАКТОР ВО ПЕНЗИОНЕРСКОТО ОРГАНИЗИРАЊЕ



Со години наназад се водат полемики околу тоа што реално претставува овој празник кај нас, дали тој треба да се одбележува и на кој начин. По повод 8 Март нас сегашните пензионерки во пензионерското организирање, а и оние што во иднина ќе се вклучат препорачувам да не води убавата мисла на Мајка Тереза „...Чесноста и искреноста ќе те направат ранлив... НЕ Е ВАЖНО, СОЗДАВАЈ!“
Почитувани пензионерки, бидете горди што сте жени. Мудри, достоинствени, храбри и силни, а истовремено и нежни и внимателни. Бидете такви уште долги години.

СРЕЌЕН




## Врачени благодарници на претставници на клиниката „Жан Митрев“

за извршени бесплатни прегледи на над 400 пензионери со кардиоваскуларен ризик во повеќе здруженија на пензионери - членки на Сојузот



➡ стр. 3

## СОБРАНИЕТО НА СОЈУЗОТ ЈА УСВОИ ПРОГРАМАТА И ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН ЗА 2024 ГОДИНА

➡ стр. 2 и 4

Состанок со директорот на „Национални шуми“

## Набавката на огревно дрво - хумана активност



На состанок со директорот на „Национални шуми“ во СЗПМ донесени заклучоци за побезбедна набавка на огревно дрво во здруженијата

➡ стр. 3

Седница на Координативното тело на активите при Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија

## Да се изберат најактивни и најхумани пензионерки за 2024 година



➡ стр. 8

## Две важни вести

Благодарение на ангажираноста на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија:
Од 1 јануари 2024 година посмртната помош за починат пензионер изнесува 35.000 денари, иако одбивањето од пензијата останува исто 140 денари (Сл. весник на РСМ, бр. 281, декември 2023 година).
Исто така ослободени се од партиципација за болничко лекување сите корисници на пензија до 18.000, што до неодамна изнесуваше 14.000 ден (Сл. весник на РСМ, бр. 13, јануари 2024 година). СЗПМ

ВО ОВОЈ БРОЈ...

АКТИВНОСТИ НА ЗП стр. 4 и 5
„РАБОТНО ВРЕМЕ“ ВО ЗДРУЖЕНИЈАТА НА ПЕНЗИОНЕРИ И ВО СОЈУЗОТ стр. 7
ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ - ПОТТИК ЗА НОВИ стр. 8
ПРАЗНУВАЊА И ДРУЖЕЊА стр. 9
ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СОЈУЗОТ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИТЕ НА МАКЕДОНИЈА, ЗА 2024 стр. 10

ЛИЧНА КАРТА НА ЗП ВЕВЧАНИ стр. 11
ИЗБОР НА АЛБАНСКИ стр. 12

ИНТЕРВЈУ СО Д-Р ИВАН ВИДИНИЌ, СПЕЦИЈАЛИСТ ПО ИНФЕКТОЛОГИЈА стр. 13
ИЗБОР стр. 14
ЗАБАВА стр. 15
ВИДИЦИ стр. 16

ЌЕ ИЗЛЕЗАТ
21 март
- Прилог за пензионери во „Коха“
29 март
„Пензионер плус“

Вашата пензија секогаш на први во месецот.
НЛБ Сребрен пакет
NLB Banka

# Работна свечена седница на Собранието на СЗПМ

На 25 декември 2023 година, се одржа 2–та седница на Собранието на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија. Седницата ја раководеше претседателот на Собранието на Сојузот м–р Илија Адамоски. На неа присуствуваа Митре Стојановски, претседател на Надзорниот одбор на СЗПМ, Стеван Ацески, претседател на Статутарната комисија на Сојузот и претседателот на Правно–економскиот форум Фиданчо Стоев.

За потребата од дополнување и одредени измени на Статутот на Сојузот даде предлог Стеван Ацески, претседател на Статутарната комисија на Сојузот, кој рече:



– Потребата од измена и дополнување на Статутот на Сојузот, пред сè, произлезе од стекнување „Статус од јавен интерес“ кој на Сојузот е доделен од Владата на РСМ. Меѓутоа во оваа постапка се извршија и други соодветни измени кои ги наметна актуелната состојба:

– во една општина може да се формира само едно здружение доколку има најмалку 2 000 членови;

– Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија е организација од јавен интерес;

– пензионерот може да ги користи правата утврдени со Статутот и другите акти на здружението само доколку уплатува дел од пензијата за посмртна помош и членарина;

– условите кои треба да ги исполни кандидатот за претседател на Сојузот;

– зајакнување на надлежностите на Надзорниот одбор на Сојузот како организација од јавен интерес согласно со Законот за здруженија и фондации и контрола на материјално–финансиското работење од независна ревизорска куќа.

По неговото излагање имаше дискусија во која беа поддржани сите предложени членови и одлуката едногласно беше прифатена.

За изменување и дополнување на Одлуката за единствени мерила и критериуми за финансиското работење на здруженијата на пензионерите и на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, се предлага:

– здруженија на пензионери кои имаат до 3 000 членови да издвојуваат износ за социјални или солидарни намени најмалку 15% од планираните расходи за тековната година;

– надоместоците за избраните лица во здруженијата на пензионерите и во Сојузот да се зголемат за 1.000 денари;

– надоместок за присуство и учество на седници за членовите на Собранието, Извршниот одбор, Надзорниот одбор и комисиите и другите работни тела да изнесува 1.500 денари и покривање на патните трошоци во висината на цената во јавниот сообраќај;

Од правото на надоместок за присуство на седници во рамките на здружението, односно Сојузот, се изземаат сите избрани лица и лицата ангажирани со договор на дело.

Потоа Ацески истакна дека со Одлуката износот на дневницата за службено патување во земјата изнесува 1.500 денари, и патни трошоци во висина на реалните трошоци.

Ацески рече дека во Одлуката има една грешка во четвртата група каде што треба да стои од 10 000 до 14 000 членови а не до 15 000 членови.

И оваа одлука беше едногласно усвоена.

За Програмата за работа на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, за 2024 година, воведно излагање имаше претседателката на Извршниот одбор на СЗПМ и на Сојузот Станка Трајкова, која меѓу другото во своето концизно излагање ги потенцираше најважните елементи кои ги содржи Програмата и рече:

– Денес на оваа седница на Собранието се виде дека има интерес да се работи, да се разгледуваат материјалите, да се даваат предлози, забелешки... Денес дискусиите беа пример дека треба да се внимава уште повеќе дури и на техничките грешки и колку што можеме тие грешки да бидат надминати.

Денес јас како претседател на СЗПМ, чувствувам пред вас една голема одговорност, истовремено и благодарност, бидејќи вие мене ме избравте да бидам претседател на СЗПМ за мандатниот период 2023 – 2027 година. Јас сум исправена пред една голема задача и одговорност, но заедно со вас мислам дека ќе успееме да застанеме пред секој предизвик и да ги решаваме проблемите. На изборната седница јас подготвив изборна програма која беше за 4 години, нејзината реализација ќе се одвива сукцесивно со годишната програма за секоја година.

Програмата за 2024 година денес е на разгледување на оваа седница. При подготвување на Програмата земени се принципите на остварливост, промоција, одговорност и вклученост. Во услови на протести на дел од пензионерите, за мене влијаеше уште поинспиративно да се подготват такви програмски задачи и активности кои повеќе ќе го потврдат значајниот профил на СЗПМ како граѓанска организација која сака да го задржи својот граѓански идентитет и да се залага и понатаму да биде тампон меѓу власта и граѓаните.



Оваа година ќе се продолжи со промовирање на правата и интересите на пензионерите со преземање разни иницијативи за измена на законските прописи и со различни активности ќе се учествува во градење на јавното мислење и креирање на политиките кои се однесуваат на пензионерите.

Во 2024 година ќе се следат прифаќањето на предлозите дадени од Сојузот до работната група за подобрување на животниот стандард на пензионерите и тоа:

– пензиите да се усогласуваат од 1 јануари и од 1 јули во тековната година наместо од 1 март и 1 септември со што се кратат усогласувањата за 4 месеци;

– пензиите да се усогласуваат со пораст на платите и пораст на трошоците на животот, при што наш предлог е да се усогласуваат со поповолниот процент на пораст;

– да се создаде правен основ за дегресивно усогласување на пензиите, а тоа значи во одделни периоди кога има рапиден пораст на трошоците на животот, од вкупниот процент за усогласување да се одземе извесен процент којшто ќе се даде на пониските пензии. На овој начин се врши само внатрешно прераспределување на средствата без дополнителни финансиски импликации.

– сите пензии остварени во тековната година да се усогласат од 1 септември, без оглед кога ќе го остварат правото на пензија, додека ако пензионерот остварува право после 1 септември до крајот на годината нема право на тековно усогласување.

За најнискиот износ на пензија од страна на Сојузот даден е предлог за нивно зголемување според три варијанти, но по тоа прашање сè уште се дебатира, а зависи и од материјалната положба на Фондот на ПИО, истакна претседателката Трајкова.

Потоа, претседателката ги даде последните податоци за движењето на пензиите (просечна пензија 20.208 денари), бројот на корисници на пензија (335 334), соодност на вработени и пензионери (1,8 осигуреници на 1 пензионер), учеството на просечната пензија во просечната плата на сите вработени (53,35%). При тоа истакна дека најголем број пензионери или 116.859 се корисници на пензија кои примаат пензија од 12.529 до 16.068 денари, и продолжи:

– За зголемување на стабилноста на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување, сакаме да предложиме во наредните измени на законот да се прошири листата на осигурениците и лицата кои ќе плаќаат придонес за пензиско и инвалидско осигурување. Предлог е пензионерот да може да работи и плаќа придонес по повластена стапка, а при тоа да не му се запира исплатата на пензијата. Исто така, да се опфатат со придонес за пензиско и инвалидско осигурување и лицата по основ на имот и имотни права и оние што работат повремени работи.

Со Програмата за работа се опфатени и други теми и тоа од областа на здравственото осигурување и здравствената заштита за покачување на лимитот, односно висината на пензијата до која пензионерот ќе биде ослободен од плаќање на болничка партиципација од 14.500 на 20.000 денари, како и проширување на позитивната листа на лекови со поквалитетни лекови кои се потребни за лицата од третата доба.

Исто така, наша заложба е и пензионерските објекти кои се изградени со средства на пензионерите да се вратат на здруженијата на пензионери.

Комисијата за пензионерски и старски домови и стандард на Извршниот одбор на Сојузот имаше седница на која се донесени значајни заклучоци кои се доставени до сите здруженија за да можат да иницираат постапка за трајно користење на недвижнина или ќе побараат користење со доследна примена на одлуката на Пензискиот фонд.

Потоа претседателката го спомна и проектот волонтер кој се промовира во Програмата за работа во изминатите години, но тоа тешко се реализира. Сега се нуди проектот „Мала помош која многу значи“ кој ќе се вклучи во проектот Волонтерство.

На крајот, претседателката рече дека Програмата е од отворен карактер и истата може да се дополнува со прашања.

Во дискусијата која следуваше од дискутантите беше оценето дека Програмата е богата и сеопфатна, од отворен карактер и истата беше едногласно усвоена.

За изменување и дополнување на Финансискиот план на Сојузот за 2023 година кратко образложение даде секретарот на Извршниот одбор Менка Темелковска, која рече дека се вршат измени на Финансискиот план за 2023 година.

Во приходниот дел се намалуваат приходите за реклами од 350.000 на 273.000 денари, а приходите од камати се зголемуваат од 4.000 на 10.000 денари, а вкупните приходи се утврдуваат на 9.846.061 денари.

Во расходниот дел се додаваат три нови ставки и тоа: Ревизија на финансиското работење од Независна ревизорска куќа по стекнување на Сојузот со Статус од јавен интерес во износ од 106.200 денари. Процена на добиениот имот на Сојузот од Владата на Република Македонија во износ од 17.700 денари и издавање на Специјално монографско издание за позначајните активност на Сојузот за период од 2019 – 2023 година во износ од 160.004 денари. Покрај овие ставки се врши зголемување на ставката други материјални расходи од 75.000 на 124.000 денари.

Покривања на овие ставки се извршени од непотрошени а планирани средства во планот, за спортските натпревари и фолклорните ревии.

Темелковска даде кратко образложение и за Финансискиот план за 2024 година, за кој рече дека е изготвен согласно со потребите за остварување на клучните цели и задачи на Сојузот утврдени со Програмата за работа за 2024 година. Проекциите на приходите во Финансискиот план се базираат на достигнатото ниво на приходите во 2023 година, на бројот на корисниците на пензија, членови на здруженијата, и очекуваните приходи од спонзорства, донации, реклами и други приходи.

По излагањето на Темелковска излагање имаше Митре Стојановски, претседател на Надзорниот одбор кој рече дека Сојузот со добивање на статус од јавен интерес, најмногу измени во финансиското работењето има во надлежностите на Надзорниот одбор. Сега покрај следење на финансиското работење, се врши и контрола не само на финансиското и материјалното работење туку и на работењето на органите и телата на Сојузот.

Се на се ова беше конструктивна и важна седница на Собранието на која свечена нота и дадоа честитките на Претседателот на Собранието и Претседателката на Сојузот за добро здравје и уште подобри резултати во Новата 2024 година.

**СЗПМ**

# Солидарниот фонд - посмртна помош и членарина, услов за пензионерски активизам

Солидарниот фонд отсекогаш бил позитивна карактеристика на пензионерското организирање и услов за пензионерскиот активизам. Од самото формирање па до денес тој минал низ бурна историја.

Единствен доброволен посмртен фонд за заемна помош бил формиран во 1955 година. Во 1967 година од посебен членски влог бил формиран единствен фонд за заемна помош во состав на тогашниот одбор на Сојузот на здружението на пензионери и инвалиди на трудот на СРМ. Единствена можна варијанта на осигурување на пензионерите била прифатлива и економски оправдана доколку се однесува на целокупната пензионерска популација и моделот на колективно и доживотно осигурување.

Бил прифатен концептот за колективно осигурување преку тогашниот ДОЗ „Македонија“ а подоцна и преку „Кјуби Македонија“. Овој концепт бил целосно поддржан и од Фондот за пензиското и инвалидското осигурување на Македонија.

Прашањата на солидарниот фонд – посмртна помош и членарина се регулира со Закон за пензиското и инвалидското осигурување во 2008 година. Се предвидува посебна глава Солидарен фонд посмртна помош и членарина. Според член 115 се уредува дека на корисник на пензија, со негова согласност, му се запира дел од пензијата за обезбедување средства потребни за исплата на посмртна помош за членовите на неговото семејство и за членување (членарина). Со овој закон се реши прашањето дека со средствата на пензионерите може да управуваат само пензионерите бидејќи тоа се нивни лични средства.

Во последните години се вршат притисоци врз солидарниот фонд како длабоко хумана активност која ја востановија самите пензионери, со цел да си помогнат на своите семејства. Има субјекти во општеството кои шират теза дека членарината како составен дел на солидарниот фонд треба да се издвои и за неа да се потпишува посебна изјава. Тие предлагаат наместо како досега согласно со одредбите од Законот за пензиското и инвалидското осигурување наместо една изјава при одење во пензија да се потпишуваат две изјави и тоа една за посмртната помош, втората за членарина.

Носителите на тие тези заборааат дека посмртната помош и членарината како цврсто ткиво се поврзани едно со друго. Заемноста и солидарноста на солидарниот фонд може да функционира само ако пензионерот во исто време и тоа по своја слободна волја, уплати посмртна помош и членарина. Со уплатата на членарината тој се стекнува со статус „член на здружението“ и само така се стекнува со право да ги користи бенефициите: клубови, патувања, излети како и да учествува во сите спортски активности, ревии, да биде биран и да може да бира други членови во органите на здружението. Потпишувањето на двете изјави ќе направи подвоеност и забуна кај пензионерите што со средствата кои досега ги издвојувале е голема поделба и раздор. Пред вратата на клубовите треба да има поставено вратари кои ќе ги враќаат лицата кои не платиле членарина. Замислете како тоа морничаво ќе изгледа.

Приврзаниците на овие тези веројатно знаат дека од најразлични побуди, најголем дел од пензионерите нема да ја потпишат пристапницата за членарина и со тоа започнува еден сериозен процес на распаѓање на пензионерското организирање во Македонија. Тие треба да знаат, а и веројатно знаат дека единствен извор на приходите е членарината на пензионерите. Можеби противниците тоа и го посакуваат индиректно да се распаднат здруженијата. Предлагачите на овие тези заборааат дека пензионерската организација е непартиска, невладина, мултиетничка и најмасовна граѓанска организација. Пензионерите отсекогаш биле респектабилен фактор во општеството и активни чинители во сите позитивни општествени збиднувања, како и во развојот на граѓанскиот активизам. Тие на своите плеќи го носеа времето од ослободувањето до денес.

Ако нешто функционирало 80 години, веројатно било добро поставено и затоа ги издржало сите притисоци и различни удари од повеќе страни во различни општествени системи. Благодарение на начелата на кои било засновано и мудрите луѓе кои го воделе, ова организирање на пензионерите постои и денес и е пример како треба да се организираат здруженијата и во соседните земји. Урнекот на организирањето кај нас е позитивен уникатен модел кој со респект е прифатен и од Европската Унија како непартиски и невладин концепт. Да напомнам дека пензионерите од Македонија се организирани во 53 здруженија и сите се членки на СЗПМ. Тие имаат целокупна пензионерска инфраструктура, седишта, клубови, избрани органи и друго.

И на крајот да констатирам дека и покрај сите директни и индиректни обиди да се растури пензионерското организирање во Македонија тоа нема да се случи. По ова прашање пензионерите се единствени како што биле и досега, да се спротивстават и да го одбранат она што е највредно и најдобро.

**Трајча Давидовски, претседател на ЗП Крива Паланка**

Во пресрет на 8 Март – Меѓународниот ден на жената

# Пензионерките се битен фактор во пензионерското организирање



Во пресрет на 8 Март – Меѓународниот ден на жената, заслужува да се напишат неколку реда и главен фокус да бидат пензионерките како битен фактор во пензионерското организирање. Познато е дека овој празник се појавил во време на голем индустриски напредок, турбуленции, кризи и радикални идеологии.

Со години наназад се водат полемики околу тоа што реално претставува овој празник кај нас, дали тој треба да се одбележува и на кој начин. Според моето животно искуство мислам дека треба да продолжи да се одбележува 8 Март со непрекината заложба на жените за уживање на политичките, социјалните и економските права кои de jure се утврдени. Меѓутоа, de facto жените се соочуваат со разни форми на дискриминација, односно бариери во постигнувње на нивниот личен и професионален развој, само заради тоа што се жени. Затоа сè додека не се постигне целосна родова еднаквост треба да го одбележуваме 8 Март.

Во знак на одбележување на 8 Март со посебен пиетет сакам да се осврнам на активноста на жените кои дејствуваат и работат во здруженијата на пензионери. Тие, тоа го заслужуваат, бидејќи тивко и ненаметливо учествуваат и ја развиваат социјално-хуманитарната димензија во рамките на здруженијата затоа што таа активност е најблиску до карактерот и природата на жената.

Во животното битисување, како што вели една наша активистка, се повеќе се зголемува нивната самодоверба за нивно вклучување во пензионерското организирање носејќи го со себе искуството од семејството и од работното место каде што го поминале својот работен век.

Тие, бидејќи се неуморни со дарбата што им ја дала природата да работат и само да работат, секогаш во програмите на Сојузот и здруженијата на пензионери низ Републиката им се доверуваат задачи кои значат посета на стари и болни пензионери, совети за заштита од семејно насилство, организирање на тематски состаноци за актуелни болести, нивна инклузивност со Црвениот крст и други хуманитарни организации. Многу значајна активност е кога тие со свои раце ќе направат домашна пита, гурабии и други нешта со кои ќе ги посетат и угостат пензионерите во нивното здружение. Во изминатата година надалеку се слушна за направените јуфки од активистките на Пробиштип и Велес, разните домашни специјалитети изложени на организирани „базари", а средствата се користат за хуманитарни цели. Списокот на нивните активности е долг, кој го разгледува и насочува Координативното тело на активи на пензионерки на Сојузот кои за оваа година предложија да се избере најактивна АКТИВИСТКА – ПЕНЗИОНЕРКА по повод одбележувањето на 8 Март.

Несомнено е дека на изборите што се случија во 2023 година, бројот на претседателки – жени од 3 се зголеми на десетина кои еднакво со своjата мудрост и работа ги организираат пензионерските активности, рамо до рамо како колегите претседатели мажи. Тие со своjата активност покажаа дека во Валандово, Битола, Македонска Каменица, Лозово, а на повидок се и активностите од претседателката од ЗП Радовиш и Конче, од Виница да се воведе ПЕНЗИОНЕРСКАТА СОЦИЈАЛНА КАРТА. Тие покажаа дека не постои граница за она што ние како жени можеме да го постигнеме. Жена претседателка од „Гази Баба" отвора пензионерски клубови и други активности поместени и во заеднички меморандуми склучени со повеќе здруженија на пензионери. Први, кои најмалку се плашеа од пандемијата – Ковид 19 беа жените кои смислија начини како да им помогнат на болните, а штипските пензионерки први ги сошија маските кои ги делеа на пензионерите – членови на нивното здружение. Такви активности имаше многу, жената: сликаше, пишуваше книги, а поетските читања пензионерките од Куманово и другите здруженија ги реализираа на плоштади на отворен простор.

Зар не заслужува да се напише дека сите културни манифестации ги красат жените кои во првите редови на пензионерските хорови стојат гордо исправени пеејќи ги изворните македонски песни со цел да ги пренесат на младите поколенија.

Почитувани пензионерки, Вие правите да не се заборават рецептите на нашите баби, бидејќи настанот „БЛАКЦЕТО НА БАБА" од Велес е олицетворение за креативноста и благородноста на секоја пензионерка.

По повод 8 Март ние пензионерките вклучени во пензионерското организирање, а и оние што во иднина ќе се вклучат препорачувам да не води убавата мисла на Мајка Тереза „...Чесноста и искреноста ќе те направат ранлив... НЕ Е ВАЖНО, СОЗДАВАЈ!"

На крајот, почитувани пензионерки, бидете горди што сте жени. Мудри, достоинствени, храбри и силни, а истовремено и нежни и внимателни. Бидете такви уште долги години.

СРЕЌЕН 8 МАРТ!

**Станка Трајкова, претседателка на Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија**

Седница на ИО

# Донесени одлуки и врачени благодарници на претставници на клиниката „Жан Митрев"

На 7 февруари 2024 година, се одржа седница на Извршниот одбор на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија. На седницата беа донесени повеќе одлуки неопходни за работата на Сојузот и на здруженијата и тоа:

– Одлука за висината на дневните и патните трошоци на членовите на органите и помошните тела на СЗПМ

– Одлука за висината на надоместокот на носителите на функции во органите во Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија.





– Одлука за определување домаќини за 22–те регионални музички ревии

– Одлука за определување Организациски одбор за организирање на регионалните ревии и Републичката ревија за 2024 година

– Одлука за определување селектор за регионалните и Републичката ревија на песни, музика и игри

– Одлука за определување надоместок за присуство на седници

– Одлука за воведување пензионерска карта за ЗП Радовиш и Конче

– Одлука за избор на најдобри пензионерки активистки, на предлог на Координативното тело на активи

– Одлука за доделување награди за постигнати резултати

Подоцна во текот на седницата на ИО присуствуваа поранешниот премиер Димитар Ковачевски и заменик– министерката за труд и социјална политика во техничката Влада на РС Македонија, Јована Тренчевска, со цел да се заблагодарат на досегашната активна соработка со Сојузот во решавање на значајни прашања за пензионерите. При тоа беше констатирано дека голем број проблеми и прашања се решени, меѓутоа исто така, постојат уште кои се испратени до соодветни институции бидејќи се значајни за пензионерската популација.

На седницата на претставниците од клиниката „Жан Митрев" им беа врачени благодарници во знак на благодарност за успешно реализираниот проект со клиниката, во рамките на кој беа бесплатно прегледани околу 400 пензионери со кардиоваскуларен ризик. **СЗПМ**

## Две важни вести

**Благодарение на ангажираноста на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија:**

**Од 1 јануари 2024 година посмртната помош за починат пензионер изнесува 35.000 денари, иако одбивањето од пензијата останува исто 140 денари (Сл. весник на РСМ, бр. 281, декември 2023 година).**

**Исто така ослободени се од партиципација за болничко лекување сите корисници на пензија до 18.000, што до неодамна изнесуваше 14.000 ден (Сл. весник на РСМ, бр. 13, јануари 2024 година).**

**СЗПМ**

Состанок со директорот на „Национални шуми" во СЗПМ

# Набавката на огревно дрво - хумана активност

На 8 февруари 2024 година во просториите на Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија се одржа работна средба меѓу претседателите на здруженијата на пензионери и директорот на „Национални шуми" Валентин Груевски во врска со проблемите околу снабдувањето со огревно дрво, со цел да бидат истите отстранети и пензионерите навремено да бидат снабдени. Состанокот го отвори претседателката на СЗПМ Станка Трајкова која на почетокот го поздрави директорот Груевски и присутните претседатели на здруженијата на пензионерите и искажа задоволство што состаноците меѓу Сојузот и ЈП „Национални шуми" дадоа резултати и потенцираше дека здруженијата вршат хумана работа со набавка на огревно дрво на рати за пензионери кои се немоќни сами тоа да го сторат или се со ниски примања.



– Сега, на почетокот на годината, да се потсетиме кои мерки треба да се преземат со цел пензионерите кои затоплувањето го вршат со огревно дрво навремено да се снабдат и тоа на најдобар начин. Интересот за снабдување на дрва преку „Национални шуми" е доста голем од страна на пензионерите. На нашите пензионери им одговараат цените за дрвата преку „Национални шуми" и затоа сакаат набавката да биде од нив. Минатогодишните вакви средби дадоа резултати, затоа ја продолжуваме соработката.

Потоа на присутните им се обрати директорот Груевски кој потенцираше:

– Ова прашање е комплексно бидејќи огревното дрво се складира и во приватни складови, а ние не можеме да имаме влијание на цените. Покрај тоа дотурот на дрвата го вршат и приватни превозници, каде што исто така немаме влијание на цените, но им сугерираме пензионерите да имаат приоритет. Нашите технички средства за дотур и работна рака се ограничени, но можеме да ги советуваме здруженијата со кои оператори можат да склучат договори, бидејќи ги познаваме и знаеме дали можат навремено да ја завршат работата. Ние стоиме на располагање да помагаат во разрешување на секој проблем во граница на можностите. Потоа се разви дискусија во која учествуваа речиси сите присутни во која беше истакнато дека во однос на минатата година има подобрување во снабдувањето, но треба да биде уште подобро.

После исцрпните дискусии се донесоа следните заклучоци: 1. При набавка на огревно дрво приоритет да имаат корисниците на пензија како ризична целна група и возрасна популација. 2. „Национални шуми" да помогнат во решавање на специфичните проблеми што се јавуваат во одделни здруженија кои склучуваат договор со „Национални шуми". 3. Потврдување на количината на просторни метра, е околност што ќе се утврди заедно со подружницата и операторите во зависност со кого е склучен договорот. 4. Потребно е „Национални шуми" да се придржуваат доследно кон договорите и обврските утврдени со договорот. 5. Како Сојуз предлагаме да може „Национални шуми" да создадат услови што поголем број здруженија да склучат договор со нив, затоа што тоа е од меѓусебен интерес. 6. „Национални шуми" да помогнат на нашите здруженија на пензионери во изборот и определбата со кој оператор да склучат договор во кој ќе бидат утврдени сите права и обврски меѓу двете страни.

**Васил Пачемски**

ЗП Гази Баба

# Корисна средба



Планираната посета на Здружението на пензионери од Гази Баба беше остварена на 31 јануари оваа година. Средбата ја реализирав со претседателката Стојна Тодоровска и секретарот Митко Карчев. Значајни прашања кои беа разгледани беше работењето на здружението во услови на ново раководство и на жена претседател. Констатирав дека постои мобилна атмосфера со присутност во здружението секој ден, со јасно истакнато работно време.

Пензионерскиот клуб што го посетив, на пензионерите им овозможува на топло да го поминат слободното време, кога е отворен, а на масите вешто се играше табла, шах и домино проследени со пријатен муабет. Дружењето со нив ми беше вистинско задоволство. Имаше многу прашања и одговори во релаксирана атмосфера која спонтано се оствари во клубот.

Беа разменети мислења во однос на остварување на социјално–хуманитарната дејност за што врз основа на правна рамка се обезбедува парична помош на пензионерите и помош во случај на болест. Ми се допадна тоа што ова здружение од порано ја практикува активноста „Мала помош, значајна за пензионерите" од страна на активист–пензионер кој врши неопходни услуги на пензионерите кои бараат соодветна помош. За овој хуман човек ќе имате можност поблиску да дознаете во овој број на „Пензионер плус".

Заслужува да наведам дека во ова здружение се отвораат нови клубови благодарение на традиционалната добра соработка со локалната власт.

На крајот ќе истакнам дека претседателката со задоволство прифати Здужението на пензионери Гази Баба, оваа година да биде домаќин на 22–та регионална ревија на песни, музика и игри, од третиот регион.

Им пожелувам да продолжат да работат по патот што го трасирале дејствувајќи во интерес на пензионерите – членови на здружението.

**Станка Трајкова, претседателка на СЗПМ**

ЗП Битола

# Едногласно донесени Програмата за работа и Финансискиот план за 2024 година

Програмата за работа и Финансискиот план за 2024 година беа предмет на расправа пред членовите на Собранието, претседателите на пензионерските организации и претседателите на комисиите, на седницата одржана на 18.12.2023 година. Седницата ја отвори и ја водеше заменичката на претседателот на Собранието Вера Горшевска.

Претседателката на Извршниот одбор Даница Петличкова образложувајќи ја Програмата пред присутните истакна дека и во наредната година Здружението ќе



продолжи со грижата за остварување на правата на пензионерите од пензиското, инвалидското, социјалното и здравственото осигурување.

– Финансиски ќе се поддржуваат пензионерите заболени и лекувани од потешки заболувања. Во следната 2024 година ќе се продолжи со давање хуманитарна помош и донации на пензионери со ниски пензии, изнемоштени самци и други лица. Ќе се посредува при набавка на дрва и прехранбени продукти со плаќање на повеќе рати, – напомена Петличкова и при тоа додаде дека Здружението ќе ги продолжи договорите со двете битолски лаборатории за бесплатна лабораториска анализа на шеќер во крвта, триглицериди, холестерол и бесплатно мерење крвен притисок со што уште еднаш ќе потврди дека води грижа за секој пензионер.

– За 2024 година се планира да се продолжи со организирање на пролетните и есенските еднодневни екскурзии. Пензионерите ќе учествуваат на регионалните и републичките спортски натпревари за 2024 год., како и на регионалните и републичките ревии на песни, музика и игри организирани од СЗПМ. Здружението ќе продолжи да бара од Општина Битола отстапување простор во месните заедници за клубови на пензионерите. Во 2024 година во фокус ќе биде и примената на Законот за заштита од дискриминација што подразбира исклучување, разликување и ограничување, вознемирување на одредена целна група, за што наша заложба е да не бидат тоа пензионерите.

ЗП Битола ќе се залага за заштита на човековата околина, волонтерски ќе се вклучи во активностите унапредување на животната средина во соработка со надлежните органи, со подготвување на промотивен материјал за подигање на свеста за зачувување на здрава околина, пошумување и други активности важни за пензионерите.

Во соработка со МВР ќе се одржуваат едукативни работилници со пензионерите за спречување, односно намалување на бројот на кривичните дела од областа на имотните деликти, злоупотреби, измами со банкарски сметки, подигнување на пари од банкомати и сл.

Комисиите, секцијата на жени, формирани во ова здружение ќе се ангажираат секоја во својата област на дејствување да реализираат програма според статутарните и програмските активности на Здружението.

Програмата претставува основа за подготвување на финансискиот план за 2024 година. За реализација на Програмата надлежните органи и тела ќе поднесуваат периодичен и годишен извештај, – истакна Петличкова.

Програмата за работа и финансискиот план, како и извештајот на Надзорниот одбор едногласно беа прифатени.

На крајот, на сите членови од Здружението на пензионери од Битола, Новаци и Могила претседателката Петличкова им посака добро здравје, среќа и подобар животен стандард во 2024 година.

**Петар Ставрев**

ЗП Пробиштип

# Средба со пробиштипските пензионери

На 12 јануари, министерката за труд и социјална политика Јована Тренчевска и претседателката на СЗПМ Станка Трајкова, во Пробиштип одржаа средба со пензионерите, на којашто се направи пресек на планираното во минатата година, што од тоа е реализирано и што се планира за претстојната 2024 година.



Претседателот на ЗП Пробиштип Груица Манасиев, ги поздрави гостинките упатувајќи им искрени желби за добро здравје, нагласувајќи ја соработката која постоеше досега да се продолжи и оваа година, со желба Новогодишните и Божиќните празници да ги поминат во добро расположение. Во обраќањето, претседателот Манасиев направи пресек на планираните активности во изминатата година и што е реализирано, а се наврати и на плановите за годината во која штотуку се зачекори.

– Секако, тука е и големата поддршка од Сојузот на пензионерите на Македонија и претседателката Станка Трајкова, која секогаш ни излегуваше во пресрет и не помагаше материјално или со укажување како да се реализира планираното. Со тимска работа се надевам дека и планирањата во оваа година ќе ги реализираме успешно и ќе бидеме задоволни од постигнатите резултати, – истакна Манасиев.

Министерката Тренчевска, напомна дека Министерството води грижа за сите пензионери за подобрување на нивниот животен стандард, за што говори и фактот дека пензионерите редовно ги добиваат пензиите, а тука е и усогласувањето на пензиите двапати во годината.

Претседателката на СЗПМ Станка Трајкова на пензионерите им ги честита Новогодишните и Божиќните празници со најубави желби за добро здравје. Трајкова ја истакна соработката на СЗПМ со здруженијата на пензионерите кои се членки на Сојузот и со кои во изминатата година имаше мошне успешна соработка.

– Оваа соработка најмногу е евидентна преку фолклорот, односно фолклорните ревии кои се одржуваат над 20 години и во кои учествуваат сите здруженија. Тука се и спортските средби во кои, исто така, се вклучени голем број пензионери вљубеници во спортувањето. Преку овие активности, не само што се истражува нашето богато фолклорно творештво, не само што се негува спортот и спортските активности, туку се стекнуваат и пријателства, се здружуваат пензионерите и тие пријателства траат со години. Овие активности не се само придобивка за нас во Сојузот туку за сите здруженија, наши членки. Вака ќе продолжиме и во оваа година за да го одржиме континуитетот за творечките способности на нашето членство.

**М. Здравковска**

ЗП Прилеп

# Прилепските пензионери и сега во зима, не мируваат

Месеците декември и јануари, ако за некого се месеци за зимски одмор, за Здружението на пензионери од Прилеп тоа секако се месеци на збогатена пензионерска активност. Значи, месецот декември од минатата година беше така да се каже месец за анализирање и потврдување, или негирање на она што во текот на 2023 година беше одработено низ многуте активности преку ограноците и се разбира преку телата и органите на ЗП Прилеп.

Така, пред завршувањето на минатата година беа реализирани активности на извештаен и програмски план за наредната година на сите комисии и тела на ова мошне активно Здружение на пензионери. Извештаите, а се разбира и програмите за оваа 2024 година, беа разгледани и „проверени“, потврдени пред членството на здруженијата, и откако беше добиено зелено светло се расправаше најпрво на седница на Извршниот одбор, а потоа и пред делегатите на Собранието на Здружението. И извештаите и програмите беа потврдени со прифаќање, се разбира, за програмските активности и дополнување според забелешките од страна на членовите во ограноците. Последната седница на Собранието, заради оправдани здравствени причини на претседателот Славко Трајкоски, се одржа без негово присуство и неа ја раководеше претседателот на Собранието Димче Настески.

Според она што беше кажано на оваа последна седница во минатата година, делегатите позитивно се изјаснија и во целост ги прифатија и извештајот и Програмата за работата, во минатата и во оваа година на Здружението.

**К. Р.**

ЗП Ѓорче Петров

# Донесени Годишната програма и финансискиот план за 2024 година

Собранието на Здружението на пензионери Ѓорче Петров на 22.12.2023 година ја одржа втората редовна седница на која беа донесени значајни и битни одлуки.



Имено, на седницата едногласно беше донесена Годишната програма за работа на органите и телата за 2024 година. Во истата посебен акцент заседоа активностите во ограноците на Здружението со кои се приклучуваме кон реализација на Програмата за работа на СЗПМ за 2024 година. Собранието донесе и Одлука за усвојување на финансискиот план за 2024 година. Поголем дел (приближно 30%) од финансиските средства ќе бидат наменети за помош на пензионери особено оние со ниски пензии, социјално ранливата категорија како и помош на тешко болни пензионери. Беше донесена и Одлука за изменување и дополнување на Правилникот за надоместоци, а во согласност со Одлуката донесена од страна на ИО при СЗПМ за усогласување на надоместоците во секое здружение во согласност со бројот на членовите. На седницата присуствуваа и свое обраќање имаа Александар Стојковски, градоначалник на Општина Ѓорче Петров како и Станка Трајкова претседател на СЗПМ кои ги поздравија присутните членови честитајќи им ги Новогодишните и Божиќните празници.

**Љ. Ристов**

ЗП Битола

# Хуманитарна акција на пензионерките

Секцијата на жени при Здружението на пензионери од Битола донираше овошје и домашни вкусни пекарски производи изработени од вредните раце на пензионерките од Битола и пензионерките од Општина Новаци.

„Укажуваме благодарност до директорот и персоналот на убавото гостопримство. За жал не можевме лично да ги израдуваме штитениците и да поразговараме со нив, да се дружиме и да им посакаме добро здравје од причина што сезонскиот грип и настинките се во пораст во



Битола и забраната за посета е задолжителна. Нашите пораки за добро здравје и среќа ги пренесоа вработените за што им благодариме“, рече Даница Петличкова, претседателка на Здружението на пензионери од Битола.

**Д. Петличкова**

ЗП Илинден

# Правилно и економично работење

На крајот на 2023 година, на 5 декември, ЗП Илинден, на третата седница на Собранието дадe отчет за работата и постигнатите резултати во изминатата година. Покрај членовите на Собранието, присуствуваа претседателот на ИО и претседателите на разграноците, при што беа донесени значајни документи за натамошно дејствување, а се разгледаа Финансискиот план и Програмата за работа за 2024 година, кои претходно беа разгледани и прифатени од ИО. Со седницата раководеше претседателот на Собранието, Благоја Атанасов, кој откако ги поздрави присутните, истакна дека со домаќинско работење и рационално трошење на средствата, сите планирани задачи и активности во минатата година се успешно реализирани.



Воведно излагање по Извештајот за работа на Собранието и на ИО на ЗП Илинден за 2023 година, имаше претседателот Васе Георгиевски. По поднесените документи се водеше плодна дискусија, од која произлегоа и неколку заклучоци. Собранието ја усвои и предложената програма за работа во 2024 година, со која се предвидуваат активности во здравствено–социјалната и хуманитарната компонента, во областа на културата, спортот, едукацијата, еднодневните излети во природа, информирањето. Собранието донесе одлука и за дополнување и промени на одредени членови во Статутот на здружението за усогласување со Статутот на Сојузот.

Активностите во наредната година, како рече претседателот Георгиевски, најпрво ќе се одвиваат согласно насоките и одлуките што ќе ги генерира СЗПМ, а приоритетна задача ќе биде заложбата за подобрување на стандардот на пензионерите и соработката со локалната самоуправа.

– Нашите заложби ќе бидат насочени и кон исполнување на многу други плански активности од интерес за пензионерите. Во областа на културата и спортот, активностите ќе се одвиваат стандардно, – истакна, меѓу другото, Георгиевски.

**Васил Пачемски**

ЗП Радовиш и Конче

# Усвоена Програмата и финансискиот план за 2024

Собранието на ЗП Радовиш и Конче на крајот од декември 2023 година, одржа седница на која делегатите ги усвоија Извештајот за работа на Здружението за 2023 година и Програмата за работа со финансискиот план за 2024 година.

На седницата претседателката Ефтерпи Димитрова го образложи Извештајот и ги запозна делегатите со активностите реализирани во текот на 2023 година. Тие беа насочени кон остварување на спортски, културни, здравствени активности, како и финансиска и материјална помош на болни и социјални случаи. На регионалните и републичките спортски



натпревари, се постигнати солидни резултати. Се организирале повеќе екскурзии во Републиката и во странство. Една од значајните активности што се реализираа во годината што измина, е добивањето на имотниот лист за сопственост, со што Здружението на пензионери конечно стана сопственик на своите простории. Беше потпишан Меморандум за соработка помеѓу ЗП Радовиш и Конче и ЈЗУ Здравствен дом Радовиш, со кој се обезбедија бесплатни прегледи од повеќе области. На 13 пензионери што се на дијализа им се доделија ваучери во висина од 2.000 денари, додека социјално загрозените пензионери добија пакети со храна и хигиенски средства.

Со Програмата за работа на Здружението за 2024 година, се предвидува создавање поповолни услови за активности од спортско–рекреативно и културно поле. Учествување на повеќе активности, со што ќе се овозможи поголемо дружење меѓу пензионерите. Предвидена е и поголема финансиска и материјална помош на стари изнемоштени пензионери.

Во рамките на меѓуопштинската соработка ЗП Радовиш и Конче и ЗП Штип на 16 јануари 2024 година организираа натпревар во играње табла. Првото место го освои Никола Иванов од ЗП Радовиш. Како награда доби комбинирана табла за играње шах и табла.

**Мите Сарбаков**

ЗП Виница

# Одржано годишно Собрание

На 5.2.2024 година се одржа годишно Собрание на ЗП Виница. На Собранието присуствуваа сите 23 делегати, претседателите на ограноците, како и членовите на Надзорниот одбор. Беше усвоен записникот од првата седница на Собранието, деловникот за работа, а се усвоија и извештајот за работа на органите и телата на ЗП Виница, извештајот на Надзорниот одбор на здружението, како и финансискиот извештај за 2023 година. Според финансискиот извештај за работењето за 2023 година, здружението оствари вкупни приходи од 1.466.850,00 денари, вкупни расходи од 1.249.934,00, и има остаток на средства за наредниот период од 216.916,00 денари. Надзорниот одбор констатира дека работењето е правилно и препорача така да се продолжи. Усвоена беше и Програмата за работа за 2024 година. Потврдени се предлог–одлуките од Извршниот одбор, меѓу другите и Одлуката за отпочнување на статутарни промени на постоечкиот статут на ЗП Виница со предлог–измените од Статутот на СЗПМ. Донесени се и други одлуки од значење за идното работење на ЗП Виница. Новина е формирањето на пејачката група со оркестар, со залагање на претседателот на Комисијата за културно–забавен живот Димитар Колишев и поддршката од делегатите и претседателката на ЗП Павлина Ангеловска. Пејачката група при ЗП Виница секој вторник во неделата одржува задолжителни проби и се надеваме дека успешно ќе се претставиме на Регионалната музичка ревија од нашиот регион.

**П. А.**

ЗП Демир Хисар

# Декември полн со активности

Како за крај на богатата со настапи и активности 2023 година, ЗП Демир Хисар со машката игроорна група имаше свој настап, при што го збогати Годишниот концерт на КУД „Илинден“ од Демир Хисар. На покана од претседателот на КУД „Илинден“, Славчо Вељановски, демирхисарските игроорци прикажаа само еден мал дел од нивниот богат репертоар на изворни песни и ора. Салата во Домот на културата беше претесна да ги прими сите љубители на македонскиот фолклор, кои таа вечер имаа можност да уживаат во преубавите кореографии. Пензионерите со своите ора покажаа и дека се верни чувари на македонско фолклорно наследство и во третата доба.



За затоплување на своите домови, скоро сите пензионери од Општина Демир Хисар користат огревно дрво, за што неколку години по ред се ангажира демирхисарското здружение на пензионери. Спроред зборовите на претседателот на ЗП Демир Хисар, Ќирило Блажевски, пензионерите навреме ги добија потребните количини огревно дрво.

Во рамките на турнирот во мал фудбал „Валентин Стефановски“, во спортската сала Јордан Пиперката, громогласно поздравени со аплауз, на теренот истрчаа екипите на здруженијата на пензионери Демир Хисар и Битола, составени од поранешни фудбалски асови. Иако во поодминати години, прикажаа игра достојна за почит и респект, а воедно им дадоа убав пример на помладите генерации како треба да изгледа еден ферплеј натпревар. Демирхисарската публика уживаше во овој дуел, во кој во преден план беа добрите акции и атрактивните потези. По едно мало невнимание на демирхисарската одбрана, екипата на ЗП Битола ги постигна конечните 2:1. Но, не секогаш победува подобриот. Некогаш е потребна и фудбалска среќа. По завршување на натпреварот, двете екипи имаа уште едно прекрасно дружење, овојпат надвор од спортскиот терен. Исто така, во месец декември Собранието и Извршниот одбор ги одржаа своите редовни седници на кои беа усвоени Програмата за работа и финансискиот план за 2024 година.

**Зоран Стеваноски**

ЗП Центар

# Голем јубилеј - 70 години од формирањето на Здружението

На 20 јануари 2024 година, во Скопје, се одржа прослава по повод 70–годишнината од формирањето на ЗП Центар. Покрај пензионерите од ЗП Центар на прославата присуствуваше претседателката на СЗПМ Станка Трајкова, претседателите на повеќе здруженија на пензионери и други гости. Свеченоста започна со химната на Македонија во изведба на хорот „Елегија“ при ЗП Центар, а потоа на гостите и присутните пензионери им се обрати претседателот на ЗП Центар Злате Стефановски, кој најнапред ги поздрави гостите и учесниците во прославата и се наврати на периодот на формирањето на Здружението во далечната 1954 година.





– На 22 јануари во оваа година, – потсети Стефановски, – формирано е нашето Здружение како прво во Македонија кое го носи предзнакот најурбано градско здружение. ЗП Центар организирано е во 8 ограноци, а сите овие години работи во интерес на унапредувањето на активностите и задоволувањето на потребите на пензионерите. Посебно е посветено на унапредувањето на нивните права и на животниот стандард. Никогаш не ги заборавамe и пензионерите со ниски пензии на кои им обезбедуваме финансиска помош и други видови помош, – рече меѓу другото Стефановски. Потоа тој ја издвои и помошта при бањското лекување, учеството на разни културно–уметнички и спортски настани организирани од СЗПМ, од Општина Центар и од други организации.

Со радост и видна возбуда на свеченоста се обрати и претседателката на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија Станка Трајкова.

– 70–годишниот јубилеј на ЗП Центар во себе содржи многу труд, знаење и искуство, непокор, љубов и емоции на генерации и генерации кои се вградија себеси во ова здружение. Да се опстане цели 70 години и да се помине низ сите бури и искушенија и секогаш да се биде на вистинската страна, на страната на вистината, историјата и традицијата е за посебна почит. Денес на овој голем јубилеј, треба да нагласиме дека ова здружение е синоним за најурбано, најградско Здружение со традиција, писменост и култура. Во минатото и денес Здружението се грижело и сè уште се грижи за болните и осамените, го негува социјалниот аспект преку клубовите на пензионери за чие функционирање од посебна важност е помошта и соработката на Општина Центар која и на други начини постојано ја покажува грижата за возрасните жители на општината. А тие, возрасните, можеби имаат физички дефицит, но имаат знаење и искуство кое може да го користи и локалната самоуправа и градоначалникот, – истакна Трајкова.

Кога се одбележува јубилеј, се прави ретроспектива на минатото, на постигнатото во работата. Секако и им се оддава признание на членовите на здружението и на поддржувачите на неговата работа. Така на 13 членови и соработници им беа доделени признанија, а ги врачи Стојка Георгиева, член на ИО на Здружението. Василка Николова, исто така член на ИО ги врачи благодарниците на 19 добитници меѓу кои и на СЗПМ, на Општина Центар и други. Претседателката на Собранието на ЗП Центар, Љубинка Крстева им ги врачи плакетите на 13 активисти на чело со претседателот Злате Стефановски.

На крајот, највисоките признанија, пехарите за најдобри спортисти на годината на ЗП Центар им припаднаа на Љубинка Крстева и на Миле Трајковски, а им ги врачи претседателот на ЗП Центар Злате Стефановски.

Хорот „Елегија“ при ЗП Центар со својот настап го разубави настанот.

Свечената прослава заврши со заедничко другарување.

**Цветанка Илиева**

ЗП Крушево

# Донесени важни документи за работа во 2024

На 22.12.2023 година Собранието на Здружението на пензионерите од Крушево ја својата втора редовна седница која ја раководеше претседавачот на Собранието Петар Котески најпрво со едноминутно молчење му се оддаде последна почит на ненадејно починатиот претставник на Собранието и на Извршниот одбор Перо Настески.

Собранието на почетокот на седницата ја разгледа Информацијата за финансиската состојба на Здружението од 01.01. до 30.09.2023 година и според дискусиите на претставниците на Собранието истата е реална, содржајна и во целина и синтетички и аналитички ги прикажува приходите и расходите за овој период од годината. Од



истата се гледа дека приходите се остваруваат над планираните со Финансискиот план за оваа година и за деветте месеци се поголеми за 12%, а како главни приходи се од членарината, од закупот на деловниот простор и дел од приходи од клубот на пензионерите. Исто така и расходите се движат во рамките на планираните со финансискиот план за оваа година и од аналитичкиот дел се гледа дека поголеми расходи се направени околу набавката на огревното дрво, а останатите се во рамките на планираните и се очекува на крајот на годината како и досега Здружението да покаже позитивни финансиски резултати и да оствари вишок на приходи.

Програмата за работа на органите и телата на Здружението е подготвена врз основа на активностите на Здружението од претходните години и според искажувањата на претставниците на Собранието. Истата е солидно изработена, сеопфатна и крајно реална и ги опфаќа сите сфери на работа на Здружението: заштита на животниот стандард на пензионерите, здравствената заштита во рамките на општината, рекреативниот дел, спортските игри, културните ревии, екскурзиите, соработката со СЗПМ и со соседните здруженија, со локалната самоуправа, Црвениот крст, Здавниот дом, Активот на жените, работата на клубовите на пензионерите, задачите и работата на стручната служба, еднократната неповратна парична помош и помош во прехранбени продукти и сл.

На оваа седница едногласно беше усвоен и Финансискиот план за работа на здружението во 2024 година во кој аналитички беа прикажани и приходите и расходите. Главни извори на финансирање се членарината и кириите од закупнината, а расходите како и досега ќе ги покриваат активностите предвидени со Програмата за работа во 2024 година.

На крајот од седницата претседавачот на Собранието на сите присутни им ја честиташе Новата 2024 година со желби за добро здравје и долг живот на сите пензионерки, како и на нивните семејства.

**Д. Трајкоски**

ЗП Тафталиџе ДДД

# Стандардот на пензионерите - најважен приоритет

Грижата за пензионерите, посебно за оние со ниски пензии, подобра здравствена заштита, побогат културно–забавен и спортски живот и осмислена рекреација со цел запознавање на одделни знаменитости во земјата – беа најважните обврски во минатата, а во ЗП Тафталиџе ДДД така ќе биде и во текот на оваа година. Тоа ќе се реализира со залагање на сите над 6 000 пензионери, на Извршниот одбор и на комисиите, при што ќе се води сметка за наменско и домаќинско трошење на секој денар, впрочем како и досега.

Ова беше заклучено на третата седница на Собранието на ЗП Тафталиџе ДДД што се одржа на 27.12. 2024 год. и на која беа усвоени програмата за работа и Финансиskиот план за оваа година. Се предвидува ова здружение годинава да располага со 3.101.000 во кои влегуваат 2.100.000 денари приходи од членарина, 1.000.000 денари пренесени средства од минатата година и 1.000 денари приходи од камата по видување. За разни активности се планира да се потрошат 2.827.000, со позитивна разлика од 274.000 денари За истакнување е дека 400.000 ден. ќе бидат наменети за помош на социјално загрозени пензионери. Со тоа продолжува една убава традиција: во 2023 година помош во поединечен износ од 1.000 до 5.000 денари им беше доделена на 180 пензионери. Соодветни средства се предвидуваат и за одмор и рекреација, за учество во спортски натпревари, за културни настани, здравствена заштита, за посета на болни и за други активности.

На седницата што ја раководеше претседателот на Собранието, Слободанка Исијановска, беше речено дека активностите во здружението ќе се реализираат преку комисиите како помошни тела. Со учество на повеќе пензионери (рекреативци, пејачи, игроорци, спортисти) ќе се



унапредува севкупниот живот и грижа за пензионерите. Посебно внимание ќе му се посветува на волонтерството и на соработката со локалната самоуправа, на работата на пензионерските клубови по ограноците и со Црвениот крст.

– Вака континуирана програмата е во корелација со средствата, кои се речиси без исклучок од членарина и овозможува разновидна и перманентна активност – истакна Димитрије Димовски, претседател на ЗП Тафталиџе ДДД.

**П. Миленкоски**




## НЛБ Сребрен пакет

# Вашата пензија секогаш навреме

**НЛБ Сребрен пакет**
- Visa Electron дебитна картичка
- ПЕНЗИОНЕР+ Maestro картичка
- Зегин - НЛБ Банка картичка
- Кредитни картички
- Трајни налози
- Сребрен кредит за пензионери
- Депозити за пензионери

**Поволности**
- Пензија на **првиот работен ден** во месецот
- Плаќање на **рати без камата** во Зегин со НЛБ - Зегин кобрендираната картичка
- **3% Cash back во Веро** маркетите за имателите на ПЕНЗИОНЕР+ картичката
- **Осигурителни поволности** за пензионери во соработка со Сава осигурување АД Скопје

NLB Banka

www.nlb.mk Контакт центар: 02 / 15-600



PHARMAVITAL

ZEGIN
ВАША СЕМЕЈНА АПТЕКА




# OLIGOSEL

## ПРИРОДЕН АНТИОКСИДАНТ - ЗА ЗАШТИТА НА КЛЕТКИТЕ

## ВИТАМИНИ
## А, Ц, Е + СЕЛЕН + ЦИНК



# „Работно време“ во здруженијата на пензионери и во Сојузот

Прашањето на „работното време“ во здруженијата и во Сојузот повторно се наметнува со својата актуелност и значење. Се поставува прашањето колку треба да трае работното време во здруженијата и во Сојузот. Дали ова прашање треба да биде уредено со општа правна рамка на Сојузот со утврдени мерила и критериуми.

Ако се направи извесна дигресија пензионерите своите активности ги остварувале во рамките на други здруженија, за по одреден временски период да формираат и свое здружение, а потоа и сојуз како повисок облик на организирање.

Гледано наназад низ годините сите членови во здружението имале еднакви права и должности. Секој член имал активно и пасивно избирачко право, како и да користи помош врз основа на актите на здружението, да ги користи читалните и библиотеките и да учествува во првите традиционални културно–забавни и спортски активности, да добива материјална поддршка и друго. При тоа, многу значајна била околноста што во статутите била утврдена обврската членовите да го чуваат угледот на здружението. Постоела заложба да се спречува секоја негативна појава која би го нарушила угледот на здружението и пошироко на општеството.

Во прво време здруженијата имале помал број членови и работеле 2–3 дена во неделата, активностите пред сè ги извршувале волонтерски, а како што се зголемувал бројот на членовите, се зголемувале и обврските на избраните лица. Како резултат на тоа покрај волонтерската работа се исплатувале и симболични надоместоци.

Сега, во 2024 година, кога имаме околу 290 000 пензионери кои членуваат во 53 здруженија, членки на Сојузот, со голем број активности, пензионерски клубови и ограноци, со значење се наметнува траењето на РАБОТНОТО ВРЕМЕ како во здруженијата, така и во Сојузот. Ако постојано сме во потрага по нови активности и да покажеме дека е оправдано нашето постоење, тогаш значајно е колку трае нашето работно време. Дали треба да дозволиме пензионерот – член да дојде во ЗП, а вратите да бидат затворени? Дали треба да се толерира летно време претседателот да „одмора“ три месеци или да се штеди на електрична енергија, и тоа од поголеми здруженија на пензионери, и клубовите да бидат затворени!?

Иако во случајот не станува збор за класично работно време, тоа не значи дека треба цел летен период да се затворени вратите или да се работи само 2–3 часови, а да се исплатува цел месечен надоместок. Приодот кон ова прашање треба да е посериозен и подготвен. Веруваме дека ова прашање ќе се разгледа и во здруженијата, и на истото ќе му се посвети сериозно внимание, заради оправдување на дадената доверба од членството.

**Станка Трајкова, претседателка на СЗПМ**

Поучно

# Им препишале сè на децата, па се разочарале

Валентина (65) од Хрватска и нејзиниот сопруг сфатиле дека згрешиле откако решиле да им го оставнат животот на децата и да им го префрлат целиот имот. Одлучувајќи се на тој чекор за еден ден децата да не се караат за таа приказна, не ни сонувале дека само децата ќе им го свртат грбот кога веќе нема што да добијат.



Дотогаш сосема „нормални“ деца, барем така мислеле Валентина и нејзиниот сопруг, преку ноќ се одалечили од мајка си и татко им. Овој брачен пар, писмено го поделиле имотот на децата, а усно ги споделиле со нив обврските што би требало да ги имаат кон нив. Но, тие не си ги исполнуваат обврските, иако си го зеле имотот.

– Имам 65 години и доживеав големо разочарување кај оние на кои заедно со сопругот им дадов сè што сум стекнала за да не се расправаат еден ден за наследството. Усно се договоривме и за некои нивни обврски. Сонуваме само за достоинствена и мирна старост.

Но, по препишувањето на имотот, тоа резултирало со лоши односи, каде што контактот бил уништен не само со децата, туку и со нивните семејства.

– Од тогаш нашата снаа веќе не ни се јавува. Ретко некој од нив не посетува, но не за да ни помогне, туку за да дојдат евентуално на ручек. Никој од нив не обрнува внимание на вербалниот договор. Се чувствуваме мизерно и напуштено, – вели таа.

Признава дека целата ситуација ги потресла, и дека размислуваат за раскин на договорот.

– Со релативно мали пензии сега живееме за да можеме барем на нашите внуци да им купиме подароци за Божиќ. Толку боли размислувањето за раскинување на договорот, а јас мислам дека не се ни свесни дека тоа е можно. Најдобро би било сето што ќе го земеме назад, да го продадеме и да уживаме во остатокот од животот. Целиот живот им го посветивме на децата и никогаш не ни сонувавме за таква промена во однесувањето.

Им советуваме на сите ништо да не препишуваат додека се живи или при препишувањето да си остават дел за себе!“ **КУРИР**

# За македонскиот јазик, примена и постоење

Ако се прошетаме низ Скопје, но и низ Македонија, следејќи ги написите на фирмите ќе стекнеме впечаток дека сме во Англија или некоја друга држава, многу ретко ќе забележиме напис на македонски напишан со кирилско писмо.

Највидливата перцепција за статусот и почитувањето на официјалниот јазик во една држава е преку неговата примена во медиумите. Всушност, јазикот како изразно средство е основната алатка за функционирање на медиумите, а на некој начин и смислата за нивното постоење. Почитувањето и доследната примена на Законот за употреба на македонскиот јазик во македонските медиуми се покажува како постојан предизвик во практиката.

Во нашата земја забележлива е разликата во однос на почитување на македонскиот јазик и спроведување на законските одредби за негова употреба во печатените, електронските медиуми и порталите. Во класичните медиуми, како печатените весници, доследно и постојано се работи според стандардите за јазична и стилска коректност и текстовите се подложени на лекторска обработка.

Неодамна беше донесен Законот за употреба на македонскиот јазик кој ќе го замени досегашниот од 1998 година. Законот пропишува задолжително лекторирање на сите материјали. Новиот закон нуди решенија и механизми за градење соодветна јазична политика, дополнителни механизми во функција на зајакнувањето на почитувањето на македонскиот стандарден јазик и неговата правилна употреба. Новиот закон дава правна основа за да се донесе национална стратегија за македонскиот јазик. Законот пропишува: задолжително лекторирање на сите материјали, со објавување на името на лекторот, задолжително вработување лектори во сите јавни институции и во органите на власта, во државни институции, училишта, издавачки куќи, медиуми и др. Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија се труди во весникот „Пензионер плус“ и сите известувања и документи да бидат лекторирани и напишани на литературен македонски јазик според Законот. За примената на литературен македонски јазик треба да се грижиме сите како и сите институции кои се надлежни за неговата примена бидејќи, како што вели Блаже Конески, јазикот е наша татковина.

Кога сме кај пишувањето за јазикот убаво е да се спомене дека македонскиот јазик е меѓу најстарите јазици во светот кој сè уште се зборува и е жив. Денес, во светот постојат 6 500 јазици кои активно се зборуваат, а 2 000 од нив имаат помалку од 1 000 луѓе кои го говорат. Најпопуларен јазик во светот е мандаринскиот јазик со околу 1.213.000.000 говорители. Историски гледано, голем дел од јазиците се релативно нови, кои настанале од некои други стари јазици кои денес не се во употреба. Од друга страна пак, постојат јазици кои се навистина стари, но до ден–денес има голем број на луѓе кои ги говорат. Такви јазици се: **Хебрејски, Тамилски, Литвански, Фарси, Исландски, Македонски, Баскиски и Фински.**

Тамилскиот, кој го говорат 78 милиони луѓе, е официјален јазик на Индија, Шри Ланка и Сингапур. Тоа е единствениот класичен јазик кој ја преживеал транзицијата до модерното време. Од Литванскиот се развиле германскиот, италијанскиот и англискиот, Фарси јазикот кој денес се зборува во Иран, Авганистан и Таџикистан, Исландскиот, Хебрејскиот, Баскискиот кој денес се зборува во делови од Шпанија и Франција.

Меѓу овие јазици е и **Македонскиот кој припаѓа на словенската група јазици во кои спаѓаат руски, полски, чешки, српски и хрватски. Овие јазици почнале да се делат од прасловенскиот јазик кога браќата Кирил и Методиј го стандардизирале јазикот, создавајќи го старословенскиот јазик и првата азбука. Со ширењето на христијанството тие го претставиле јазикот и на други земји. Македонскиот јазик е јазикот кој е најблизок до старословенскиот и е еден од најстарите јазици чија модерна верзија се зборува и денес во Македонија и во светот.** **Ристо Прентовски**

# Трошењето на дозволениот минус станува вистински луксуз особено за пензионерите

Дозволениот минус од една, па и две–три плати или пензии станува вистински луксуз за граѓаните затоа што каматната стапка за овој банкарски производ во земјава надмина 14%. Ако се спореди со останатите кредитни производи, дозволеното пречекорување што го нудат банките на клиентите што примаат плата или пензија преку нив е еден од најскапите продукти, заедно со кредитните картички.

Каматната стапка на дозволено пречекорување практично се изедначи со каматната стапка на недозволено пречекорување, а почна да расте заедно со растот на референтните каматни стапки на Народната банка, поточно директно зависи од референтната стапка за пресметување на казнена камата и секако од деловните политики на секоја банка.

Банките ја утврдуваат висината на активната каматна стапка на дозволеното пречекорување според следната формула: каматна стапка на благајнички записи + 8 процентни поени максимална маргина. Висината на каматната стапка на благајничките записи се утврдува од страна на Народната банка два пати годишно, на 1 јули и на 1 јануари, по што комерцијалните банки ги усогласуваат своите каматни стапки.

Во 2022 година, на пример, каматната стапка на дозволеното пречекорување на трансакциските сметки на физичките лица изнесуваше 9,95%, а каматната стапка што се применува при пресметка на камата за недозволено пречекорување изнесуваше 10,00% на годишно ниво. Најниското ниво досега не падна под 9%, но затоа сега драстично порасна.

Анализа на каматни стапки во петте најголеми банки во Македонија:

- Комерцијална банка: 14,25%
- Стопанска банка – Скопје: 10,60% за приматели на плата или пензија / 12,89% за останати клиенти
- НЛБ банка: 14,30%
- Шпаркасе банка: 14,30%
- Халкбанк: 14%

Зголемената каматна стапка на дозволеното пречекорување значи поголеми трошоци за корисниците. На пример, имате дозволен минус од две плати или пензии и тој изнесува 60.000 денари. Доколку го искористите целосно, месечно само за камата на банката ќе и плаќате околу 700 денари. Пред две години овој трошок би ви бил 500 денари. Дозволеното пречекорување на трансакциска сметка е примамлив продукт за граѓаните затоа што банките го одобруваат без строги критериуми и секогаш им е на располагање како извор на дополнителни финансиски средства покрај редовните месечни приходи. Во прилог на ова оди фактот дека се одобрува на клиенти што имаат редовни месечни приливи по основ на плата или пензија и не им е потребно дополнително обезбедување како депозит, жирант, административна забрана или меница. Некои банки одобруваат дозвален минус и до пет плати.

Користењето на овој дополнителен буџет може значително да го зголеми и месечниот финансиски трошок на корисникот, а преголемото задолжување може да го влоши и неговиот кредитен рејтинг доколку се соочи со потешкотии во редовното сервисирање на обврските.

Сојузот кој се грижи за своето членство ќе направи напори за ублажување на овој проблем со дописи и контакти со одредени институции, Народната банка и Банкарската асоцијација.

**К.С. Андонова**

# Кога не треба да се плаќа со картичка

Денес, повеќето од купувањата што ги правиме може да се платат со картичка или дури и со само еден допир на телефонот. Сепак, финансиските експерти советуваат секогаш да носите барем малку готовина со себе – па дури и препорачуваат секогаш да ја користите за одредени набавки.

**Работи што можете да ги вратите -** Ако знаете дека можеби ќе можете да вратите нешто што сте го купиле, погрижете се да користите готовина. Ако плаќањата во готовина парите се враќаат веднаш по враќањето на производот, но со картичка не!

**Набавки што ги правите додека патувате -** Кога ќе одлучите да се почестите со нешто на одмор, користењето готовина може да ви помогне да избегнете некои сериозно шокантни трошоци. Попаметно е да се плаќа со готовина кога патувате бидејќи плаќањето со картичка може да предизвика дополнителни трошоци. Користењето готовина, исто така, може да ве спречи случајно да претерате додека патувате.

**Ниска дневна потрошувачка -** Кога патувате, готовина не треба да биде само вашата валута. Исто така, треба да го користите овој начин на плаќање за многу од вашите секојдневни трансакции. Треба да правите мали купувања, како намирници, со готовина. Тоа е затоа што сумата на пари што се разменува е минимална и употребата на готовина ги одвраќа луѓето од импулсно купување. Користењето готовина може да ви помогне поефективно да ги планирате вашите дневни трошоци и да спречите прекумерно трошење. Важно е да се користи готовина за мали купувања за да се избегнат такси за пречекорување поврзани со дебитни и кредитни картички.

**М. Дамјаноска**


**ПЕНЗИОНЕР плус**

**Весник за сегашните и за идните пензионери**

**Издавач:** СЗПМ

Година XVII – број 186
февруари 2024 година

**БЕСПЛАТЕН МЕСЕЧЕН ВЕСНИК**

**Издавачки совет:**

**Станка Трајкова** (претседател)
м–р Илија Адамоски
Ментор Ќоку
Менка Темелковска
д–р Веле Алексоски
Славко Трајкоски
Гидо Бојчевски

**Редакциски одбор:**
**Калина Сливовска - Андонова**
главен и одговорен уредник;
**Васил Пачемски**
уредник
**Членови:**
Баки Бакиу
Верица Тоциновска
Кирил Ристески
Јасмина Тодоровска
Трифун Донев
Димитар Јаковлев

**Лектор:**
Верица Тоциновска

**Адреса:**
СЗПМ Бул. „Кочо Рацин“ бр. 14 – Скопје
П.фах. 440

Телефон: 02 3223 710
тел–факс: 02 3128 390

Web: **www.szpm.org.mk**
E-mail: **vesnik@szpm.org.mk**

**Компјутерска обработка:**
Томе Ангеловски

**Печати:**
Печатница Серафимовски – Скопје

**Дистрибуција:** „Нова Македонија“

Ракописите и фотографиите не се враќаат.

Според Законот, за весникот се плаќа данок според посебна намалена даночна стапка.

Комисија за КЗЖ при СЗПМ

# Остварените резултати - поттик за нови

Комисијата за културно–забавен живот при СЗПМ, на 16 јануари 2024 година, ја одржа шестата седница, која ја раководеше претседателката на комисијата Магдалена Спировска, а на истата покрај членовите присуствуваше претседателката на СЗПМ Станка Трајкова и селекторот Томче Стојков. По усвојувањето на дневниот ред и записникот од петтата седница на Комисијата за КЗЖ при СЗПМ, започна работата по дневниот ред.

Главните активности на Комисијата за КЗЖ во изминатата година, хронолошки беа изнесени, со посебен акцент на одржаните дваесет и први регионални ревии на песни, музика и игри во осумте региони, а како круна на сработеното најмасовната, тринаесетта по ред, Републичка културна манифестација. На манифестацијата учествуваа здруженија на пензионери кои на регионалните средби покажаа посебна креативност и оставија најдобар впечаток кај стручното жири и кај публиката, која се одржа во Кочани. Во рамките на меѓународната активност во 2023 година, беше учеството на најголемиот европски Фестивал на трета животна доба во Љубљана, Словенија, каде што ЗП Кочани и ЗП Центар имаа успешни културни настапи. Комисијата по оваа точка ги донесе следните:

**КОНСТАТАЦИИ И ЗАКЛУЧОЦИ**

1. Регионалните и Републичката ревија на песни, музика и игри успешно се одржаа во 2023 година.
2. Заинтересираноста за ревиите на пензионерите е голема, бидејќи дава можност за истражување и искажување на своите афинитети.
3. Внесување на разновидни и нови креативни содржини.
4. Афирмација и во меѓународни размери со изборот на две здруженија на фестивалот трета животна доба во Љубљана.
5. За успешноста на ревиите како музичка манифестација потребно е доследно да се почитуваат заклучоците и насоките од Комисијата на КЗЖ. Извештајот беше оценет како концизен, сеопфатен и едногласно беше прифатен.



Своевидниот континуитет на активностите на Комисијата за КЗЖ за 2024 година, во остварување на амбициозните програмски цели, бара фокусираност и максимален ангажман. Основа за одржување на активностите претставуваат зацртаните цели во Статутот и Програмата за работа на Сојузот за 2024 година во остварување на следните културно-забавни дејности: Во 2024 година за зајакнување на капацитетите и за зголемување на активностите за активно и здраво стареење е одржувањето на регионалните ревии на песни, музика и игри кои ќе се одржат во осум региони, а здруженијата на пензионери кои ќе се согласат да бидат домаќини на 22–те регионални ревии ќе бидат пријавени во проектор за материјална поддршка од Министерството за култура. За афирмација на активното стареење голем придонес има и Републичката ревија на која, по можност е, да учествуваат поголем број здруженија и учесници. А за успешно спроведување на ревиите, потребни се навремени подготовки и состаноци во СЗПМ и здруженијата. Вакввото значајно остварување секако се постигнува со примена на заклучоците од советодавниот состанок, кои ако е потребно ќе бидат доставени до ЗП и имаат цел одржувањето на квалитетот на ревиите. На севкупно организираните активности за 2024 година, суштинско значење за непречено одвивање на ревиите е одредувањето на термините за нивно одржување. Може да се каже дека за успешноста, како на регионалните така и на Републичката ревија, битна е улогата на членовите на комисијата за КЗЖ на СЗПМ, а позитивно влијае и финансиската поддршка од СЗПМ, медиумската покриеност на ревиите и изработката на признанија, благодарници и друго. Како можност за бесплатно користење на салите во домовите и други простории за одржување на ревиите, во зависност од тоа во чија надлежност се, е потребна поддршката на Министерството за култура или од општината. Секако, клучно прашање е следењето на регионалните ревии, каде што покрај селекторот потребно е да учествуваат и членови од Комисијата за КЗЖ за поквалитетен избор на здруженија за учество на Фестивалот на трета животна доба во Љубљана. Значајна активност секако е и воведување и примена на нови изведби, содржини и можноста за одржување поетски читања, изложби и презентации. За афирмација, зачувување на запишани факти и документирани записи е поддршката за издавање билтен и други форми. На крајот се констатираше дека Програмата е од отворен карактер, постојано може да се надополнува и едногласно беше прифатена.

За започнување на регионалните ревии на песни, музика и игри во организација на СЗПМ, како и здруженија домаќини од осумте различни градови, се донесе заклучок да се достават предлози до Извршниот одбор на Сојузот, кој треба да донесе одлука за здруженија домаќини на ревиите, организациски одбор и селектор.

**Магдалена Спировска**

Координативно тело на активите на пензионерки

# Да се изберат најактивни и најхумани пензионерки за 2024 година

Кон крајот на декември 2023 година Координативното тело на активите на пензионерки при Извршниот одбор на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија одржа седница на која ја донесе својата Програма за 2024 година. Седницата посебно значење и даде присуството на Претседателката на Сојузот Станка Трајкова и секретарот на ИО на СЗПМ, Менка Темелковска.



За Програмата за работа во 2024 година која ги содржи сите традиционални, како што е учество во спортските натпревари во ревиите на песни, музика и игри, но содржи и нови активности, елаборираше претседателката на Координативното тело на активите на пензионерки, Марија Моневска.

Претседателката на Сојузот Трајкова најнапред ги поздрави присутните, а потоа истакна дека Координативното тело ја потврди потребата за постоење на едно вакво тело со своите активности. Покрај тоа ги пофали активите и пензионерките дека се инволвирани во сите активности во здруженијата, а најмногу во хуманитарните активности заедно со Црвениот крст и локалната самоуправа односно општините. Исто така препорача што поголемо омасовување на активите, особено на помладите пензионерки и пензионерките од руралните средини.

Потоа имаше дискусија од присутните и Програмата едногласно беше усвоена.

Претседателката на Сојузот Трајкова, и претседателката на Координативно тело на Активите на пензионерки им посака среќна Нова 2024 година, многу здравје и успех и уште подобри резултати на активите на пензионерки при здруженијата на пензионери членки на Сојузот, за секој план.

**Марија Моневска**

ЗП Куманово

# Донесени важни документи

На 28.12.2023 година се одржа седница на Собранието на ЗП Куманово, која ја водеше претседателот на Собранието Назим Емини. Седницата работеше во полн состав на која конструктивно се работеше по предложениот дневен ред.



На истата најнапред беа верификувани мандатите на делегатите Маргарита Божиновска и Мирослав Денковиќ. Беше усвоен и деловникот за работа на Собранието и записникот од конститутивната седница.

Извештај за работата на Собранието на Извршниот одбор, Надзорниот одбор и Одборот за Статут и правни работи за 2023 година, беа усвоени по разгледувањето на истите. Беа донесени и Програмата за работа на Собранието и неговите органи за 2024 година, како и финансискиот план за планираните приходи и расходи. Се пристапи и кон разгледување и усвојување на финансискиот план за 2024 година, како и за солидарниот фонд за брачни другари на пензионерите, членови на здружението.

На седницата беше усвоена и Статутарна одлука за измени и дополнување на Статутот на ЗП Куманово

На крајот од седницата беа поставувани прашања и давани предлози од присутните во насока на уште подобри резултати во работата на Собранието во наредниот период, а во интерес на секој пензионер.

**Росица Митиќ**

ЗП Свети Николе

# Чествување на „Свети Николај“

Нашиот град е единствен во Македонија, и пошироко, кој носи име на светец. Името на градот е Свети Николе и потекнува уште од дамнина. Се верува, научно не е докажано, дека во Свети Николе имало 40 цркви. По доаѓањето на Османлиите, сите цркви биле изгорени освен најголемата „Св. Николај“ – по која градот и го добива името. Црквата „Свети Николај“ е изградена 1130 година. Свети Николај е познат во целиот христијански свет. Тој е заштитник на морепловците, трговците, учениците, децата. Го споредуваат со Дедо Мраз бидејќи кришум ги дарувал децата и возрасните, па се слави и како детски празник, а најчесто се слави и како куќна слава и како именден. Познат е и под името Никола Чудотворец. Светецот е заштитник на многу градови, меѓу кои и на Свети Николе. Светиниколци достојно му оддаваат почит на својот заштитник и патрон на градот. Локалната самоуправа, заедно со граѓаните, со соодветна богата и свечена програма го обележуваат овој значаен датум за градот.

Во овој многу важен настан, се вклучи и ЗП Свети Николе. Централната прослава по повод празникот се одвиваше во хотелот „Илинден“ во село Црнилиште, во близина на градот. Во пријатна атмосфера и амбиент пензионерите од ЗП Пробиштип, претседателот на ЗП Штип, претставници од Здружението на инвалидите на трудот од Свети Николе и пензионери домаќини му оддадоа почит на патронот на градот.

ЗП Свети Николе, како домаќин, се погрижи на почитуваните и драги гости престојот да им го направи што попријатен и незаборавен. Присутните ги поздрави и им се заблагодари претседателот на ЗП Свети Николе Штерио Георгиев, кој им посака добредојде, пријатна и убава забава, добро здравје и долг пензионерски живот. Со своето присуство претседателката на СЗПМ Станка Трајкова и потпретседателот на ИО на СЗПМ Ментор Ќоку му дадоа посебена нота на дружењето. Обраќајќи им се на присутните претседателката Трајкова најпрво ги поздрави сите и им упати желби за добро здравје, за активно стареење, за поголемо меѓусебно дружење, помош и разбирање. На актуелното раководство му упати пофални зборови за активностите кои ги реализираа во овој период, и им посака уште поголеми успеси во иднина. Веселбата беше проследена со звуците на убавата народна музика и песна, а гостите се покажаа како добри игроорци.

Во чест на „Свети Николај“ Друштвото на ликовни уметници „Овчеполски спектар“ од Свети Николе, во организација на Домот на културата „Крсте Мисирков“ имаше изложба на уметнички слики под наслов „Ретроспектива“, на која покрај младите сликари, свои слики изработени во разни техники изложија и голем број пензионери сликари. Меѓу нив беше и пензионерот сликар Димитар Лазов, еден од основачите и претседател на ДЛУ „Овчеполски спектар“. Меѓу посетителите во забележителен број беа припадници од третата животна доба. И оваа година градот, а и Здружението на пензионери од Свети Николе, достојно го прославија патронот на градот „Свети Николај“.

**Вукица Петрушева**

# Прва заедничка активност на ЗП Гази Баба и ЗП Штип

На 19 јануари 2024 година на ден Богојавление – Водици, двете штотуку збратимени здруженија на пензионери, Гази Баба и Штип, ја остварија првата заедничка активност. Традиционална културна, но и хуманитарна манифестација – „Пифтијада“, организирана од Општина Гази Баба, се одржа на плоштадот Филип II во населбата Автокоманда, токму за овој свет ден, а меѓу другите и пензионерите беа активни учесници. Со свои прилози и вкусни производи подготвени од вредните раце на пензионерките од двете здруженија на заедничкиот штанд, беше збогатена оваа манифестација за почит. Чувството на заедништво и сплотеност, кога заедно можеме повеќе, беше непроценливо. И убав почеток на нашите идни заеднички активности.

На покана од домаќинот, дружењето продолжи во клубот на Здружението на пензионери Гази Баба, каде покрај другите поканети гости, со своето присуство нѐ удостои и градоначалникот на Општина Гази Баба, Бобан Стефковски, кој топло ни се заблагодари на заедничкиот пензионерски придонес значаен за манифестацијата, а воедно и општината, додека претседателката на Здружението Стојна Тодоровска одржа пригоден поздравен говор.

Топлото гостопримство ни ги исполни душите.

**Љубица Трајчева**

ЗП Дебар и Центар Жупа

# Донесена Програмата и Финансискиот план за 2024

Извршниот одбор на ЗП Дебар и Центар Жупа, на 25 ноември 2023 година, одржа седница, која ја раководеше претседателот Петрит Имами. На седницата беше донесена Програмата за активностите на Собранието, Извршниот одбор и на органите и телата на



Здружението на пензионери Дебар и Центар Жупа за 2024 година.

Претседателот нагласи дека Програмата е подготвена врз основа на досегашните искуства од работата на органите и телата на здружението, во која е нагласено остварување и заштита на заедничките права и интереси на пензионерите во организација на здружението. Во соработка со Црвениот крст, на пензионерите се проверуваше здравствената состојба, се изврши мерење на крвниот притисок и шеќерот во крвта, која акција беше добро организирана. Се разговараше и за продолжување на подготовките за регионалните ревии на песни, музика и игри и спортските натпревари. Да се продолжи и со снабдување на огревно дрво на пензионерите за што се преземени сите мерки за навремено снабдување. Здружението соработува со повеќе здруженија на пензионери во Републиката, со локалната самоуправа, здравствените установи, Црвениот крст и со неколку невладини организации. На седницата беше донесен и финансискиот план за приходи и расходи за 2024 година, исто така, беше донесена и одлука за еднодневна екскурзија до Тирана Р Албанија. Беше заклучено дека Програмата за работа може да се надополнува во текот на работата во тековната година со предлози од интерес на членството. Активот на пензионерките во овој период имаше доста активности, со што ја исполнија зацртаната програма, а беше посетен градскиот музеј во Дебар.

**М. Уштеленца**

Во здруженијата на пензионери членки на СЗПМ

# Чествување по повод празниците

Повеќе здруженија на пензионери низ Републиката, организираа пригодни дружења по повод Новата 2024 година, со што се сакаше да се истакнат и прослават резултатите во изминатиот период, а при чествувањето на верските празници Божиќ и Василица, беа спроведувани обичаи кои се дел од нашите културни обележја и традиции. На некои заеднички прослави на здруженијата на пензионери беа присутни и претставници на локалната самоуправа и на други институции. Организацијата и атмосферата за време славењето на овие празници во повеќе здруженија на пензионери ни ја доловија нашите дописници.

Крајот на 2023 година, **ЗП Гази Баба** ја дочека со импресивна прослава, на која, при честитањето со пригодни зборови за постигнувањата се обрати претседателката на здружението Стојна Тодоровска. Старата Нова година која се совпаѓа со верскиот празник Свети Василие, пензионерите од ЗП Гази Баба свечено го одбележаа во преубава атмосфера и одлично расположение. Активот на пензионерки при ЗП Гази Баба, традиционално и оваа година учествуваа на манифестацијата со хуманитарен и продажен карактер „Пивтијада 2024“ каде што на свој начин се славеше, со пивтии, колачиња, вруќа ракија и многу музика, на кои со свои производи им се придружија во хуманитарниот дел и пензионерките од ЗП Штип.

Пред Новогодишните и Божикните празници, да напомнеме дека преку и со знаење на ограноците каде што беа направени списоци на членови на **ЗП Прилеп** со пониски пензиски примања, на повеќе од шестотини пензионери им беа доделени ваучери за набавка на производи во вредност од по илјада денари на секој пензионер, се разбира, зависно од пензиските примања. Во речиси сите ограноци беа организирани пензионерски веселби со дружење и желби за уште подобро здравје, среќа и подобар пензионерски живот во наредната година. Активот на жени при ЗП Прилеп организираше василичарска пензионерска средба во клуб со присуство на повеќе од 120 пензионерки. Претседателката на Активот Снежана Димеска на пензионерките им посака среќна и весела Нова година, многу здравје и весел и долг живот, по што на присутните им беше доделено по четвртина бурек, а најсреќна од сите беше Милица Ралоска во чие парче бурек беше најдена паричката.

Активот на пензионерки при **ЗП Крушево** во клубот на пензионерите од Крушево организира свечен пречек на Новата 2024 година. Со пригодно и новогодишно обраќање кон присутните, претседателката на Активот на жени Добринка Јованоска им се заблагодари за масовниот одзив и им посака добро здравје и долг живот на сите пензионерки и пензионери. Активот на пензионерките при ЗП Крушево три дена пред Стара Нова година го организираше традиционалното одбележување на верскиот празник Василица, на кое учествуваа повеќе од 65 пензионерки.

Пензионерите од **ЗП Кратово** учествуваа на заедничката прослава по повод дочекот на Новата 2024 година организиран од ЗП Пробиштип на која присуствуваа пензионери од повеќе здруженија. Здружението на пензионери на Кратово организираше и заедничка прослава и дочек на православна Нова година за пензионерите од Општина Кратово.

Скромно, но мошне весело беше и на традиционалното чествување на предновогодишната забава што ја организираше **ЗП Неготино**, на која беа пензионери од здруженијата од Куманово, Штип, Валандово и Демир Капија. Претседателот на ЗП Неготино, Ванчо Ристов срдечно им се заблагодари за прифаќањето на поканата и за заедничката дружба, испраќајќи ја старата година, со желби за добро здравје и повеќе дружби во Новата 2024 година.

Над 400 пензионери од **ЗП Штип** новогодишната средба ја одржаа во ресторанот „Плаза“ а гости имаше од здруженијата на пензионери од Гази Баба, Солидарност – Аеродром од Скопје, Врање, Велес, Радовиш, Пехчево, Куманово, Свети Николе, Неготино и Негорци. Претседателот на ЗП Штип Ристо Нетков, ги поздрави присутните, им посака добро здравје, долг живот со успеси и среќа во Новата 2014 година, изрази задоволство од постигнатите резултати.

И оваа година Активот на пензионерки при **ЗП Струга**, организираа традиционалната прослава за Стара Нова година, Василица. Овој ден го одбележаа со дружење на над осумдесет пензионерки и пензионери. Средбата беше збогатена со делење на струшкиот специјалитет ѓомлезец–кашаник со паричка, која го имаше подготвено Јагода Ќелешоски, кумата од минатата година. За наредната година паричката ги усреќи брачниот пар Роза и Здравко Стефаноски, кои го презедоа кумството.

На денот Водици група пензионери од **ЗП Радовиш и Конче** присуствуваа на манифестацијата „Богојавленска софра“ која се одржа во Крива Паланка. Учесниците на манифестацијата се претставија со солени и благи специјалитети. Од Општина Радовиш учествуваше пензионерката Верица Ефнушева – Ценева, која се претстави со богата софра и го освои третото место.

По повод големиот христијански празник Водици, Богојавление **ЗП Куманово** учествуваше во Крива Паланка на покана на општината и ЗП Крива Паланка, кога со фрлање на крстот во Крива Река, се одбележа крштевањето на Исус Христос. Настанот имаше и натпреварувачки карактер. ЗП Куманово на овој настан се закити со „Диплома за најубава Богојавленска софра“, како и „Диплома за најубави рачни ракотворби“. Манифестацијата беше збогатена со музичка програма.

На крајот на 2023 година, градоначалникот на Општина Пробиштип Драган Анастасов ги посети пензионерите од **ЗП Пробиштип** со цел да ги информира за неговите планирања и активности, во претстојната година, кои се во интерес на граѓаните. Претседателот на здружението Груица Манасиев го поздрави градоначалникот и од име на сите пензионери му посака добро здравје, среќна година и реализација на сите замислени и нотирани активности. Градоначалникот им ги честиташе Новогодишните и Божиќните празници на пензионерите посакувајќи им добро здравје и благосостојба во семејствата. Анастасов најнапред ги истакна клучните прашања на кои се ангажирале, а тоа се грижата за стандардот на пензионерите, особено на социјално загрозените. Тука особено е грижата за пензионерите со ниски примања, со цел да се надмине социјалната разлика. Тој не ја заобиколи ниту успешната соработка со Здружението на пензионери истакнувајќи ја нивната вклученост во сите активности што ги организира општината, а тука е и финансиската помош за Здружението за нивните активности.

Здружението на пензионери **Македонска Каменица** во соработка со Општината, како секоја година и оваа по повод Новогодишните и Божиќните празници традиционално ја реализира акцијата „Солидарни пакети“ за стари, болни и изнемоштени пензионери. Со оваа акција се поделија 200 солидарни пакети со прехранбени производи на пензионери членови на здружението со наполнети 80 години родени до 1943 година. Акцијата беше надополнета со посета и со делење на новогодишни пакетчиња на штитениците при Дневниот центар на лицата со посебни потреби преку која изразија искрена поддршка и внимание. Во знак на благодарност за новогодишните пакетчиња штитениците изразија благодарност кон највозрасните граѓани од Здружението на пензионери од Македонска Каменица со врачување на новогодишна честитка која е нивна лична изработка.

На 27.12.2023 година **ЗП Виница**, за пензионерите организираше забава по повод Новата 2024 година. На истата во ресторан „Галија“ присуствуваа околу 207 пензионери. Весела забава проследена со песна и расположение од пензионерите, ќе остане во сеќавање на сите. Пензионерите задоволни изразија желби за здравје и среќа и повеќе средби и дружења во 2024 година. На забавата се доделија 4 награди за највесела пензионерка и пензионер, а и за највозрасна пензионерка и пензионер. По повод Бадник и Божиќ, Активот на жени со раководството на ЗП, ден пред Бадник, спроведе „Милосрдна акција во храна“. Со одзив на членки беше собрана голема количина храна, зелници, баници, овошје, салати, сарми и пакетчиња, која во соработка со хуманитарното здружение „Унилиение“ од Виница беше поделена на стари, болни и сиромашни лица со цел да нема никој гладен за Бадник.

Како секоја, така и оваа година членовите на Здружението на пензионери **Ѓорче Петров** со лични финансиски средства организираа предновогодишна забава, во која учествуваа повеќе од 160 пензионери. Со добра музика и со традиционални ора и песни, пензионерите останаа до доцна во ноќта. Заеднички дружења и забава се одржаа и во другите ограноци во здружението, а традиција е секој огранок да организира забава за Стара Нова година. Александар Стојковски, градоначалник на Општина Ѓорче Петров по повод Новогодишните и Божиќните празници на пензионерите од Ѓорче Петров со ниски пензиски примања им додели 50 пакети со прехранбени производи. Во името на ЗП Ѓорче Петров за доделената помош се заблагодари Митко Стојаноски, претседател на Извршниот одбор.

Прослава по повод Новогодишните празници одржаа и пензионерите од **Дебар и Центар Жупа** во хотелот „Венец“ на заеднички ручек.

По повод Новогодишните и Божиќните празници доделени се пакети и во **ЗП Македонски Брод**.

Во ЗП **Чаир** имаше хуманитарна акција по повод празниците.

Хуманитарни активности по повод празниците имаше и во **ЗП Кавадарци** и **ЗП Крива Паланка.**

Според известувањето на нашите дописници, вакви средби и прослави се одржани и во други здруженија на пензионери низ Републиката.

**СЗПМ**
















Согласно со член 15 став 1 алинеја 1, а во врска со член 23 од Статутот на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, Собранието на Сојузот на седницата на 25.12.2023 година, донесе:

# П Р О Г Р А М А ЗА РАБОТА НА СОЈУЗОТ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИТЕ НА МАКЕДОНИЈА, ЗА 2024 ГОДИНА

## I ВОВЕД

Со Статутот на Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија се утврдени целите и дејностите, организациската поставеност и функционирањето на Сојузот. Остварувањето на целите и задачите Сојузот ги реализира преку годишна Програма за работа со извршување постојани активности и активности кои се карактеристични само за соодветната година. Заради важноста на Програмата како значаен документ, Собранието на СЗПМ ја донесува, а претседателот на Извршниот одбор организира подготвување и извршување на програмираните задачи.

Во извршување на програмираните активности како носители се органите и работните тела на СЗПМ во соработка со здруженијата на пензионери - членки на СЗПМ.

При спроведување на Програмата се имаат предвид следните принципи: остварливост, промоција, одговорност, вклученост, оптимизација и друго.

За поефикасно спроведување на задачите од оваа Програма може да се подготвуваат и оперативни програми.

## II МОМЕНТАЛНА СОСТОЈБА

Во Сојузот како невладина, непартиска и мултиетничка организација се здружени 53 здруженија на пензионери во кои членуваат корисници на старосна, семејна и инвалидска пензија, со над 280 000 членови - пензионери.

Моменталната состојба со протести на дел од пензионерите (барања за зголемување на најнискиот износ на пензија, линеарно усогласување на пензиите, транспарентност во трошењето на средствата на име членарина) наметнува потреба од посебно ангажирање на Сојузот и здруженијата преку правилно и законито извршување на задачите утврдени во нивните Статути, Програми и други акти.

## III ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Со оваа програма се утврдуваат активности кои ќе имаат за цел остварување на целите и задачите утврдени со Статутот на СЗПМ како што е следење на остварување на уставните и законските права на корисниците на пензија, заштита и промоција на социјалните права и интересите на пензионерите, унапредување на социјалната положба и интеграција и подобрување на животниот стандард на корисниците на пензија.

Улогата на Сојузот и во оваа 2024 година ќе продолжи да ги промовира правата и интересите на пензионерите со преземање разни иницијативи за измена на законските прописи и со различни активности ќе учествува во градење на јавното мислење и креирање на политиките кои се однесуваат на пензионерите.

Во 2024 година ќе се следи прифаќањето на предлозите од Сојузот дадени до Работната група на Владата за подобрување на животниот стандард на пензионерите. На овој план Сојузот поднесе предлози за зголемување на најнискиот износ на пензија како и други прашања и тоа:

- Усогласувањето на пензиите да се врши од 1 јануари и 1 јули во тековната година наместо од 1 март и 1 септември во тековната година. На овој начин нема да биде ускратено зголемувањето на пензиите за 4 месеци во текот на годината (јануари, февруари, јули, август)
- Се предлага и понатаму пензиите да се усогласуваат со користење на параметрите пораст на платите и трошоците на живот, но секогаш да се **применува поповолниот параметар**.
- Да се создаде правен основ за дегресивно усогласување на пензиите со тоа што во одредени временски периоди кога значително се зголемуваат трошоците на животот, да се овозможи поголем процент на усогласување од вкупното усогласување на помалите пензии и на овој начин нема да се оптовари Фондот на ПИОМ, ниту централниот Буџет бидејќи се врши само прераспределба.
- Предлагаме доколку не се прифати дегресивното усогласување на нивелирање на пензиите, ова мерка да се презема во пензискиот систем само кога со усогласување на пензиите не се отстрануваат разликите во висината на пензиите, особено заради остварување на ниските пензии кои ги генерира самиот пензиски систем.
- Сојузот смета дека добро би било ИТНО, да се разгледа Мислењето на Сојузот (МТСП и ФПИОМ) во однос на тековното усогласување на пензиите на пензионерите кои остваруваат право на пензија во тековната година. Мислењето на СЗПМ е дека пензионерите кога остваруваат право на пензија во кој било период во тековнта година треба да се стават во еднаква правна положба во однос на усогласувањето. Во примената на член 37 од ЗПИО има големи реакции бидејќи идните пензионери не знаат во кој период од тековната година е подобро да одат во пензија.

Реализирањето на сите овие предлози Сојузот ќе го следи благовремено ќе ги информира органите на Сојузот.

## IV СЛЕДЕЊЕ И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА (МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА)

Мониторинг и евалуација се надлежност на Извршниот одбор на СЗПМ кој преку информации, периодични извештаи и годишен извештај дава отчет на извршување на задачите програмирани за соодветната година. На тој начин се согледува извршувањето на предвидените активности или пак се изнесуваат причините поради кои одредени активности не биле извршени.

## V ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Средствата за финансирање на Програмата се предвидени со Финансискиот план на СЗПМ за 2024 година. Средствата ќе се обезбедат дел од членарината на здруженијата како изворен приход, и од друг вид на приходи.

## VI ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ ВО 2024 година

**1. Следење и проучување на остварување на уставните и законските права**

Како една од основните цели и задачи на СЗПМ утврдени во Статутот е следење и проучување на остварување на уставните и законските права на корисниците на пензија. Се работи за темелни уставни вредности кои се однесуваат на граѓаните на Република Македонија вклучувајќи ги и корисниците на пензија како што е почитување на личноста, обезбедување на пристојна егзистенција за сите лица кои немаат доволно средства за живот, почитување на човечкото достоинство врз основа на принципите на еднаквост и солидарност, со поставување на поединецот - пензионерот во средиште на вниманието.

**2. Заштита на правата од пензиското и инвалидското осигурување**

Оваа активност опфаќа заложби на Сојузот за редовна исплата и усогласување на пензиите, тековно следење на движењето на параметрите за усогласување на пензиите, соодносот на пензијата и просечната плата како мерило за вредноста на пензијата.

Следење на движењето на осигурениците и корисниците на пензија како битни елементи за обезбедување средства за исплата на пензиите (соодност осигуреник/пензионер).

Продолжува активноста на Сојузот во давање на мислења по предлози за измена и дополнување на ЗПИО и други закони, особено кога тоа е од значење за обезбедување материјална и социјална сигурност на пензионерите.

Тука нема да изостане и активноста на Сојузот со предлози да се прошири делокругот на опфатот на осигуреници во ПИО како и плаќање на придонес за ПИО и здравствено осигурување на лица кои остваруваат приходи.

Исто така, во 2024 година ќе се подготви и Иницијатива со барање од пензијата на пензионерите да не се пресметува придонес за здравствено осигурување (во моментот стапката е 13) или истата да се намали. Тоа ќе придонесе подобар материјален статус на Фондот.

**3. Здравствено осигурување и здравствена заштита**

Ќе продолжи натамошната заложба на СЗПМ за ослободување на пензионерите од целосна партиципација почнувајќи од дијагностика до болничко лекување, како и соработка со здравствени установи за поповолни услови за давање на услуги;

До целосно ослободување од партиципација СЗПМ како програмска задача предлага и упати барање лимитот за ослободување на пензионерите од болничка партиципација од 14.000 да се зголеми на 20.000 денари пензија. Овој предлог е доставен до Работната група формирана од Владата за подобрување на материјалниот статус на пензионерите.

Во 2024 година СЗПМ ќе го следи ажурирањето на Позитивната листа на лекови со лекови согласно со достигнувањата во современата медицинската наука.

Сојузот ќе се залага за целосна покриеност на руралните средини со теренски доктор и подвижна аптека, како и можност пензионерите да се лекуваат и во приватни болници со доплата на разликата од државните до цената во приватните медицински установи.

**4. Организирање и следење на спортските активности на пензионерите**

Од година на година спортските активности стануваат масовна преокупација на пензионерите со цел активно и здраво стареење. Анализирајќи ги спортските натпревари во 2023 година од страна на Комисијата за спорт и рекреација и Извршниот одбор согледани се задачите кои треба да се преземат за поуспешни спортски игри во 2024 година (предлагање на поквалитетни судии од страна на здруженијата, создавање соодветни услови за одвивање на спортските натпревари и друго).

Во 2024 година ќе се одржат **28-те регионални и републички спортски натпревари на корисниците на пензија.**

Исто така, препорака на Сојузот е во спортските натпревари да се вклучуваат и помлади пензионери со цел да се постигне и поголема масовност во практикување на спортските активности на регионалните спортски игри, како значајна активност за активно стареење на пензионерите и превентивна заштита на нивното здравје.

**5. Организирање и следење на 14-тите регионални ревии на песни, музика и игри и 22-тата Републичка ревија на песна, музика и игри**

Со оглед на фактот дека Сојузот се стекна со Статус од јавен интерес, се наметнува потребата од унапредување на музичко-сценската активност како тежишна задача во организирањето на Регионалните и Републичката ревија на песни, музика и игри.

Во рамките на оваа програмска задача е и разгледување на Извештајот од Регионалните и Републичката ревија на песни, музика и игри со цел натамошно унапредување на овие културни манифестации.

Како и кај спортските така и кај овие активности, потребно е ангажирање на здруженијата за вклучување на повеќе пензионери со промена и на возрасната структура на учесниците.

**6. Работа на пензионерските клубови**

Клубовите на пензионери се значајни места каде се одвива реалниот пензионерски живот и од здруженијата има интерес оваа активност да биде предмет на разгледување на органите на Сојузот.

Темата пензионерски клубови ќе биде третирана од правен, економски и социолошки аспект заради согледување на проблемите со нивно основање, функционирање, со кои проблеми се соочуваат одделни здруженија - членки на СЗПМ и друго.

**7. Пензионерски и старски домови и сервиси за социјално домување**

**Во 2024 година ќе продолжи заложбата да се градат државни пензионерски и старски домови бидејќи тие најмногу одговараат на висината на цените за престој од страна на пензионерите. Во државата постои голем број на приватни старски домови (околу 39) со високи цени за сместување.**

**За работата, условите и третманот на пензионерите во приватните старски домови ќе се побара поголема контрола од Мнистерството за труд и социјална политика, по претходно извршено согледување и посета на домовите од Комисијта за пензионерски и старски домови и стандард како тело на Извршниот одбор на СЗПМ.**

Во 2020 година Извршниот одбор усвои Информација за состојбите и функционирањето на пензионерските и старските домови и ја достави до надлежните државни органи. Меѓутоа, следејќи го нејзиното извршување, прашањето на социјално домување ќе се реактивира и во 2024 година, од причини што постојат здруженија на пензионери кои се заинтересирани да им бидат отстапени пензиските објекти.

Во 2023 година Фондот има направено попис на сите пензиски објекти во кои пензионерските здруженија имаат деловни објекти што ќе придонесе за регулирање на односите меѓу Фондот и Здруженијата на пензионери.

Оваа задача е во надлежност на Комисијата за пензионерски домови и стандард како тело на Извршниот одбор на Сојузот во кој делокруг се таи социјалните сервиси како нови облици на социјално домување на старите лица.

Во решавањето на прашањето за изградба на старски и пензионерски домови голема улога има и успешна соработка со локалната самоуправа.

**8. Согледување на функционирањето на Волонтерството во здруженија на пензионери**

Волонтерството е основна карактеристика на секоја граѓанска организација и затоа во 2024 година ќе се согледа како функционира во повеќе сегменти во здруженијата и Сојузот.

Волонтерството како давање услуги на пензионерите по здруженија е застапено и се практикува во редовното работење на здруженијата на пензионери. Извршување на пензионерските активности на волонтерска основа во 2024 година треба уште повеќе да биде застапено бидејќи тоа го бара и членството. За таа цел се очекува од здруженијата да донесат соодветни програми преку инклузивни активности со други граѓански организации и Црвениот крст.

**9. Следење на воведување на Пензионерска социјална карта**

Постојано ќе се поддржува и ќе се следи воведувањето на овој социјален документ што во денешни услови може многу да ја олесни и унапреди работата на Здруженијата на пензионери. Колку оваа активност е корисна говори искуството на ЗП Ѓорче Петров, ЗП Пробиштип, ЗП Македонска Каменица, ЗП Валандово, ЗП Лозово и други здруженија на пензионери.

**10. Активности за заштита на човековата околина**

Во членот 11 став 1 алинеја 17 од Статутот на СЗПМ е утврдена како цел грижата за унапредување на животната средина. На оваа активност во 2024 година ќе и се посвети поголемо внимание.

За остварувањето на оваа цел потребна е соработка со надлежните органи, подготвување промотивен материјал за подигање на свеста за зачувување здрава околина, што е особено важно за пензионерите.

Исто тка, овие цели може да се остварат и со давање препораки до здруженијата на пензионери во организирање сопствени и инклузивни активности во општината кога се организираат еколошки акции.

**11. Состаноци со претседателите на здруженијата**

Ќе се организираат заеднички средби со претседателите на здруженијата на пензионери и работни средби во здруженијата на пензионери.

Покрај тоа на состаноците односно средбите ќе се разгледуваат и прашања битни за сите здруженија и посебно за одделни здруженија на пензионери.

**12. Информирање за работата на Регистрираната организација за солидарен фонд и членарина**

Покрај фактот што Регистрираната организација за солидарен фонд и членарина е самостојна во својата работа, заради значењето на Солидарниот фонд-посмртна помош и членарина **потребно е редовно да бидат информирани органите на Сојузот. Ова прашање е актуелно и многу значајно за работата на Сојузот и Здруженијата на пензионери.**

Решавање актуелни прашања од работата на оваа организација е со уточнување на податоците за членовите по здруженијата, соработка со инвалидските сојузи и реализација на договорот со Фондот на ПИОМ за размена на податоци.

Од аспект на ЗП и Сојузот е битно јавно и транспарентно трошење на средствата од членарината и перманентно информирање на пензионерите - членови на здруженијата.

**13. Организирање на работилници за финансиско работење**

Информирање на здруженијата на пензионери за новини во финансиското работење, водење евиденција во чекор со новините во финансиската сфера како и решавање или поведување иницијативи за унапредување на оваа област во интерес на здруженијата на пензионери.

**14. Организирање работилници со дописниците на весникот „Пензионер плус“**

Работилниците ќе бидат со цел подобрување на содржината на весникот „Пензионер плус“. На истите ќе се препорачува акцент да се става на подготвување критички текстови на пензионерското организирање, актуелни текстови поврзани со материјалниот и социјалниот статус на пензионерите, дописи за станбените единици каде што живеат пензионерите и колку им се посветува внимание на пензионерите од хуман, психолошки и социјален аспект.

На работилниците ќе се дискутира за лажните вести и дезинформации и заштита од нив. За таа цел ќе се поттикнува информатичката писменост на дописниците, но и на членовите на здруженијата.

На дописниците им се препорачува да пишуваат за залагањето на општините во унапредување на пензионерското организирање со доследна примена на членот 22 од Законот за локална самоуправа.

**15. Поттикнување и поддршка на издавачката дејност и творештвото**

Сојузот и во 2024 година ќе продолжи да ја поддржува издавачката дејност и творештвото. И понатаму ќе се поттикнува творештвото бидејќи помага полесно да се надмине осаменоста, а творештвото зад себе ќе остави трајни вредности. Оваа програмска задача е повисоко скалило во спроведување на пензионерскиот активизам.

**16. Координативно тело на активи на пензионерки**

Се очекува и во 2024 година Активите на пензионерки да ја практикуваат социјално-хуманитарната дејност особено на осамени пензионери од рурални средини.

Активите на пензионерки и во 2024 година ќе бидат моторна сила на практикување на принципите на заемност и солидарност бидејќи пензионерот знае кога треба да помогне на друг оти и тој може да се најде во ситуација да побара помош од друг пензионер.

Размена на искуства и соработка меѓу активите во текот на годината како и соработка со други организации кои работат со стари лица.

**17. Работа на ограноците на пензнери**

Со Одлука на Извршниот одбор на Сојузот, 2023 и 2024 година се прогласени за „Година на ограноци“ што значи позасилена активност по ограноците, особено и во услови на пензионерски протести. Битно е поголем број на пензионери во огранокот да бидат редовно информирани за одлуките на здружението и на Сојузот.

Во 2024 година по извршеното следење и информации од ЗП ќе бидат прогласени и најактивни ограноци на здруженијата.

**18. Заштита од семејно насилство и дискриминација**

Во 2024 година во фокусот ќе биде и доследна примена на Законот за заштита од дискриминација што подразбира исклучување, разликување и ограничување, вознемирување на одредена целна група, а наша заложба е тоа да не бидат пензионерите/

Значајно е и следење на Законот за заштита од семејно насилство што подразбира заштита од малтретирање, повредување, загрозување, физичко и економско насилство на пензионерската популација како ризична целна група.

Препораки до здруженијата на пензионери за одржување предавања односно информирање како да се заштитат од семејно насилство и дискриминација со користење на предвидените казнени механизми за заштита.

**19. Соработка со владини и невладини организации и други институции**

Соработка со државните органи особено со Министерството за труд и социјална политика, Министерството за здравство, Фондот на ПИОМ (особено во делот на размена на податоците и доставување на средствата на име членарина) како и континуирана соработка со Црвениот крст на централно и локално ниво.

Во досегашната активност изостануваше соработката со ЗЕЛС како асоцијација на општините во државата, што како задача треба да се обнови и подигне на повисоко ниво.

**20. Меѓународна соработка со другите Сојузи во нашето опкружување**

Во 2024 ќе се преземат активности за реализирање и подобрување на меѓународната соработка во зависност од актуелните услови.

Во 2024 година се програмира и учество на фестивалот „Трето животно доба“ во Љубљана.

**21. Информирање во СЗПМ и пошироката јавност**

Весникот „Пензионер плус“ ќе биде столбот на информирањето на пензионерите и во 2024 година, кој станува се поквалитетен и посодржаен.

Информирањето ќе се остварува и преку веб страницата на СЗПМ и подстраниците на здруженијата, како и преку весникот „КОХА“ и емисијата на МТВ „Трета доба“, но и преку други електронски и пишани медиуми со цел подобар третман на пензионерите во општеството и афирмирање на нивните резултати и проблеми.

Здруженијата на пензионери да изнајдат начини како весникот „Пензионер плус“ да биде подостапен до пензионерите. Ова постојано ќе се наметнува како значајна задача.

## VII

Програмата е основа за подготвување на Финансискиот план за 2024 година.

За реализација на оваа Програма надлежните органи и тела ќе поднесуваат периодичен и годишен извештај.

## VIII

Оваа Програма влегува во сила од денот на донесувањето и ќе биде објавена во весникот „Пензионер плус“ и веб-страницата на СЗПМ.

**Скопје, декември 2023 година**

# ЗП Вевчани - лична карта




**Здружение на пензионери Вевчани**
**Вевчани**
**Тел. 076/ 227 411;**
**e-mail: Penzioner.vevcani@hotmail.com**



**Витомир Костојчиноски**
**претседател на ИО и на ЗП Вевчани**



Здружението на пензионери Вевчани, во согласност со Законот за здруженијата на граѓани и фондации, со посебен акт во регионалниот Централен регистар во Охрид, е формирано на 29 ноември 2012 година. Претходно, пензионерите од Вевчани членувале во рамките на ЗП Струга. Идејата за раздружување на пензионерите на Вевчани е резултат на фактот што здружението може самостојно да опстанува и да биде поефикасно во својата активност, потпомогнато од локалната самоуправа и некои јавни претпријатија кои дејствуваат во рамките на Општина Вевчани. Иницијатори за формирање на Здружението на пензионери Вевчани се Виктор Костојчиноски, Јован Аврамоски, Сандре Русески и уште неколку други пензионери. Со одвојување од струшкото здружение на пензионери, моментално во него членуваат околу 450 членови, кои на еден или на друг начин го сметаат за свој втор дом. Во ова големо семејство има место за сите луѓе од третата доба без разлика на претходните работни обврски, на стручното образование, како и на националната, етничката и верската припадност. Од формирањето до



денес здружението има активна улога во сите случувања во градот и претставува важен сегмент во збиднувањата во општината и пошироко. На основачкото Собрание одржано на 29 ноември 2012 година, е донесена одлука овој датум да се смета за ден на формирање на здружението кога е донесен и Статут, Програма за работа и акт за основање на Собранието.

Според актот на основање на Здружението на пензионери Вевчани, здружението е основано поради остварување на заедничките интереси на пензионерите од Вевчани, а посебно за остварување и реализација на повеќе цели и задачи како што се остварување на правата на пензионерите, унапредување на културните, спортските и други активности, здравствената заштита, организирање на манифестации, одмор и рекреација, помош на материјално загрозени пензионери, соработка со други здруженија и други цели кои се од интерес на пензионерите



регулирано со Статутот на здружението.

Собранието го сочинуваат 15, Извршниот одбор 7 членови, а Надзорниот одбор, Статутарно–правната комисија, Комисијата за социјална и здравствена заштита, Комисијата за спорт, култура и рекреација и Активот на пензионерки, бројат по три членови.

Основните насоки, цели и задачи во Програмата се темелат на реалните факти кои може да се реализираат, истите се приоритетни и од интерес на пензионерите а тоа се: поголемо ангажирање на пензионерите во здружението и поактивно работење на органите и телата. Соработка со Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија. Создавање добри услови на клубовите. Продлабочување на соработката со Општината. Бесплатни прегледи на пензионерите. Еднократна материјална помош на пензионери со ниски примања. Организирање културни манифестации. Учество на регионалните и републичките спортски натпревари.



Во 2013 година, за првпат здружението на пензионери настапи на регионалните спортски натпревари во Струга, а во 2014 екипно на 19–те регионални спортски натпревари во Самоков, во екипна конкуренција во дисциплината шах. Екипата ја сочинуваа: Живко Мурџески, Гаврил Бебекоски и Симон Кукоски.



ЗП Вевчани одлично соработува со СЗПМ каде што активно учествува и дава свој придонес во работата преку своите делегати во повеќе органи и тела на најголемата масовна мултиетничка невладина организација, како и со други организации кои се занимаваат со проблематика поврзана со пензионерската популација. ЗП Вевчани учествува на сите активности што се во организација на Сојузот.



Претседател на Извршниот одбор и на здружението е Витомир Костојчиноски, претседател на Собранието е Јован Лазороски, а претседател на Активот на пензионерки е Елка Радиноска.

Карневалот, со кој се слави доаѓањето на новата година по стариот календар, во чест на верскиот празник Свети Василиј Велики – заштитник на вевчанските василичари и Вевчани, започнува на 12 јануари со музика и забава. Наредниот ден осамнува со дефилето на маски, а вечерта на 13 јануари исто така е исполнета со музика и песни од познати интерпретатори. Кулминацијата на настаните е на 14 јануари на сретсело со василичарското оро кое се вие преку денот и попладнето кога Карневалот завршува со традиционалното палење на маските. Вевчанскиот карневал е најстар карневал, со најдолга традиција во Македонија и пошироко. Уникатен е и единствен, а учесниците имаат слобода да критикуваат и иронизираат. Овој фестивал има и огромен потенцијал да го развие руралниот и културниот туризам. Меѓу маскираните и публиката во Вевчани имаше значителен број пензионери.

Здружението е учесник и на регионалните ревиите на песни, музика и игри, организирани од страна на СЗПМ, при што од негови претставници беа изведени изворни инструментални мелодии и песни.

Во Домот на културата во Вевчани, на 20 мај 2019 година, се одржа 17–та регионална пензионерска ревија на песни, музика и игри од осмиот регион. Тогаш ЗП Вевчани за првпат беше домаќин на ваква значајна манифестација, а во рамките на истата во клубот на пензионерите се постави изложба на вевчански ракотворби од вевчанската везилка на народни носии Љубица Лешоска. По повод манифестацијата градоначалникот на Општина Вевчани Сашо Јанкоски, во својот кабинет прими делегација од СЗПМ, предводена од претседателката Станка Трајкова и претседателот на Собранието м–р Илија Адамоски, и претседателите на здруженијата од осмиот регион. По средбата започна 17–та регионална пензионерска ревија на песни, музика и игри од 8 регион во Домот на културата во Вевчани. Прв присутните ги поздрави претседателот на ЗП Вевчани Витомир Костојчиноски, кој истакна дека музиката е посредник помеѓу тагата и среќата. – Каде што зборовите не вредат, музиката допира и остава трага. Таа го изразува она што не може да се искаже со зборови, а кое не смее да биде премолчено. Музиката е уметност од која ни навираат солзи и спомени. Нека овој ден и биде посветен токму на музиката, на песната и на ората, – рече меѓу другото Костојчиноски. На присутните им се обрати и претседателот на Собранието на СЗПМ м–р Илија Адамоски: – Оваа манифестација, која е плод на заложбите на највозрасната, но и најмудрата генерација за негување на нашата богата традиција, е резултат на силната желба, посветеност и длабока почит на пензионерите кон трајните вредности на културата како наше национално и културно обележје. Токму затоа Министерството за култура ги





прогласи 8–те регионални и Републичката ревија на песни, музика и игри за манифестации од национален интерес за култура – истакна претседателот Адамоски, прогласувајќи ја ревијата за отворена. Годинава на оваа регионална ревија настапија над 180 учесници од регионот. Домаќините се претставија со КУД „Дримкол" од Вевчани, со изворни народни песни и обичаи. Музичкиот дел на Ревијата заврши со рецитал „Глас од Македонија" подготвен од претседателот на ЗП Вевчани Витомир Костојчиноски, во придружба на пејачкото трио „Каданка" при КУД „Дримкол" од Вевчани.

**СЗПМ**

## Dy lajme me rëndësi

**Falë angazhimit të Lidhjes se shoqatave të pensionistëve të Maqedonisë**

**Nga 1 janari 2024 ndihmesa postmortore për pensioner të ndjerë është 35.000 denarë, edhepse ndalesa nga pensioni ngelë e njëjta 140 denarë.**

**Lirohen nga participimi për mjekim spitalor të gjithë shfrytëz uesit e pensionit deri 18.000 denarë, e që deri para do kohe ishte 14.000 denarë.**

SHP Dibër dhe Qendra Zhupa

# U aprovuan Programi dhe plani financiar për 2024

Bordi ekzekutiv i SHP Dibër dhe Qendra Zhupë më 25 nëntor 2023 mbajti mbledhje kryesuar nga kryetari Petrit Imami. Në mbledhje u aprovua Programi për aktivitetet e Kuvendit, Bordit ekzekutiv dhe organeve të shoqatës së pensionistëve Dibër dhe Qendra Zhupë për vitin 2024.

Kryetari theksoi se Programi është hartuar në bazë te përvojave të deritanishme të organeve të shoqatës, në të cilin është apostrofuar realizimi dhe mbrojtja e të drejtave dhe interesave të të vazhdohet me furnizimin me dru për ngrohje të pensionistëve për çka janë ndërmarrë të gjitha masat për furnizim në kohë. Shoqata bashkëpunon me shumë shoqata të pensionistëve në republikë, me vetëqeverisjen lokale, institucionet shëndetësore, Kryqin e kuq dhe me disa shoqata joqeveritare.

Në mbledhje u aprovua edhe plani financiar për të hyrat dhe të dalat për 2024, poashtu edhe vendimi për ekskursion një ditësh në Tiranë, R e Shqipërisë. U konkludua që Programi për punë



përbashkëta të pensionistëve në organizim të shoqatës. Në bashkëpunim me Kryqin e kuq, pensionistëve u ekzaminohej gjendja shëndetësore, u matej tensioni i gjakut dhe sheqeri në gjak, akcion ky që ishte mirë i organizuar. Flitej edhe për vazhdimin e përgatitjeve për revytë rajonale të këngëve, muzikës, valleve dhe garave sportive. Poashtu u vendos mund të plotësohet gjatë punës në vitin vijues me propozime me interes për antarësinë.

Aktivi i pensionisteve në këtë periudhë kishte mjaft aktivitete, me çka e realizuan programin e paracaktuar, u vizitua muzeu i qytetit në Dibër dhe u organizua takimi parafestiv i Vitit të ri me drekë të përbashkët.

**Marijonka Ushtelenca**

Mbledhje me drejtorin e "Pyjeve nacionale" në LSHPM

# Dru veurnizimi me për nxemje

Më 8 shkurt 2024 në lokalet e Lidhjes së shoqatave të pensionistëve të Maqedonisë u mbajt takim pune ndërmjet kryetarëve të shoqatave të pensionistëve dhe drejtorit të "Pyjeve nacionale" Valentin Gruevski lidhur me problemet rreth furnizimit me dru për nxemje, me qëllim që ato të evitohen dhe pensionistët të jenë të furnizuar në kohë. Mbledhjen e hapi kryetarja e LSHPM Stanka Trajkova e cila fillimisht e përshëndeti drejtorin Gruevski dhe kryetarët e pranishëm të shoqatave të pensionistëve dhe shprehu kënaqësinë që mbledhjet ndërmjet Lidhjes dhe NP "Pyjet nacionale" dhanë rezultat, duke potencuar se shoqatat kryejnë punë humane me furnizimin në këste me dru për nxemje të pensionistëve që nuk janë në gjendje ta bëjnë vetë këtë ose janë me të ardhura të ulta.

Tash, në fillim të vitit, të përkujtojmë cilat masa duhen ndërmarrë me qëllim çmimet, por u sugjerojmë që pensionistët të kenë prioritet. Mjetet tona teknike dhe krahu i punës janë të limituara, por mund t'i këshillojmë shoqatat me cilët operatorë të bëjnë marrëveshje, pasi i njohim dhe e dijmë a munden të kryejnë punë në kohë. Ne jemi në dispozicion të ndihmojmë në zgjidhjen e çdo problemi në suazat e mundësive. Më pas u zhvillua diskutim në të cilin morrën pjesë thuaja të gjithë të pranishmit, duke theksuar se në krahasim me vitin e kaluar ka përmirësim në furnizim, por duhet të jetë akoma më mirë.

Pas diskutimeve të shumta, u sollën këto konkluza: 1. Gjatë furnizimit me dru për nxemje të kenë prioritet shfrytëzuesit e pensionëve si target grup i rrezikuar dhe popullata në moshë. 2. "Pyjet nacionale" të ndihmojnë në zgjidhjen e problemeve specifike që paraqiten në shoqata të caktuara që lidhin marrëveshje me "Pyjet nacionale". 3. Vërtetim i sasisë së



që pensionistët që shfrytëzojnë dru për nxemje të furnizohen në kohë dhe në mënyrën më të mirë. Interesi i pensionistëve për furnizim me dru përmes "Pyjeve nacionale" është i madh. Pensionistëve tanë u përgjigjen çmimet e drunjve përmes "Pyjeve nacionale", andaj duan që të furnizohen prej tyre. Takimet e tilla të vitit të kaluar dhanë rezultate, prandaj e vazhdojmë bashkëpunimin.

Në vazhdim të pranishmëve u drejtua drejtori Gruevski, i cili theksoi:

Kjë çështje është komplekse pasi druri për nxemje deponohet edhe në depotë private, kurse ne nuk mund të ndikojmë në çmimet. Përveç kësaj janë të kyçur edhe transportues privatë, tek të cilët poashtu nuk mund të ndikojmë në metrave hapësirore, e cila rrethanë do të përcaktohet bashkë me filialën dhe operatorët varësisht se me cilin është lidhur marrëveshja. 4. Është e nevojshme që "Pyjet nacionale" t'i respektojnë në mënyrë konsekuente marrëveshjet dhe obligimet e përcaktuara me marrëveshjen. 5. Si Lidhje propozojmë që "Pyjet nacionale" të krijojnë kushte sa më tepër shoqata të lidhin marrëveshje me ta, pasi kjo është në interes të dyanshëm. 6. "Pyjet nacionale" në këtë mbledhje pune t'u ndihmojë shoqatave tona të pensionistëve në zgjidhjen dhe përcaktimin me cilin operator do të lidhin marrëveshje ku do të jenë të saktësuar të gjitha të drejtat dhe obligimet ndërmjet dy palëve.

**V. Paçemski**

Mbledhje e BE

# Janë sjellë vendime dhe janë dorëzuarmirënjohje për përfaqësuesit e klinikës "Zhan Mitrev"

Më 7 shkurt 2024 u mbajt mbledhja e Bordit ekzekutiv të Lidhjes së shoqatave të pensionistëve të Maqedonisë. Në mbledhje u aprovuan shumë vendime, të domosdoshme për punën e Lidhjes dhe të shoqatave, edhe atë:

- Vendim për përcaktimin e nikoqirëve për edicionin e 21 të Revyve rajonale muzikore.

- Vendim për përcaktimin e Bordit organizativ për organizimin e revyve rajonale dhe Revysë republikane për 2024.

- Vendim për përcaktimin e selektorit për revytë rajonale dhe republikane të këngëve, muzikës dhe valleve.





- Vendim për përcaktim të kompensimit për prezencë në mbledhje.

- Vendim irkorporimin e kartë pensioniste për SHP Radovish dhe Konçe.

- Vendim për zgjedhjen e pensionisteve aktiviste më të mira, sipas propozimit të Organit koordinativ të aktivëve.

- Vendim për irkorporimin e shpërblimeve për rezultate të treguara.

- Vendim për lartësinë e shpenzimeve ditore dhe të transportit të antarëve të organeve dhe trupave të LSHPM.

- Vendim për lartësinë e kompensimit të bartësve të funkcioneve në organet e Lidhjes së shoqatave të pensionistëve të Maqedonisë.

Më pas në mbledhjen e BE morrën pjesë ish-kryeministri Dimitar Kovaçevski dhe zëvendës ministresha për punë dhe politikë sociale në Qeverinë teknike të RMV, Jovana Trençevska, me qëllim që të falemnderohen për bashkëpunimin e deritanishëm aktiv me Lidhjen në zgjidhjen e çështjeve me rëndësi për pensionistët. Gjatë kësaj u konstatua se megjithatë të gjitha çështjet dhe problemet nuk janë zgjidhur dhe ato janë poashtu të rëndësishme për popullatën pensioniste.

Në mbledhje përfaqësuesve të klinikës "Zhan Mitrev" u ndanë mirënjohje në shenjë falemnderimi për projektin e realizuar me sukses me klinikën, në kuadër të të cilit u egzaminuan falas rreth 400 pensionistë me risk kardio-vaskular.

**LSHPM**

# Mbledhje punuese solemne e Kuvendit të LSHPM

Më 25 dhjetor 2023 u mbajt mbledhja e 2-të e Kuvendit të Lidhjes së shoqatave të pensionistëve të Maqedonisë. Në mbledhje antarëve iu dha Propozimvendim për nevojën e ndryshimit dhe plotësimit të Statutit të Lidhjes e cila rezultoi nga dhënia "Status i interesit publik" që iu dha Lidhjes nga Qeveria e RMV, Megjithatë në këtë procedurë u publik.

- pensionisti mund t'i shfrytëzojë të drejtat e përcaktuara me Statutin dhe aktet tjera të shoqatës vetëm nëse parapagon pjesë të pensionit për ndihmë postmortore dhe për antarësi.

- kushtet që duhet t'i plotësojë kandidati për kryetar të Lidhjes.

- përforcim të kompetencave të Bordit pozuar dhe vendimi u pranua njëzëri.

Në mbledhje u aprovua edhe Vendimi për masa unike dhe kritere për punën financiare të shoqatave të pensionistëve dhe të Lidhjes së shoqatave të pensionistëve të Maqedonisë.

Pastaj kryetarja Stanka Trajkova në mënyrë koncize dhe të sublimuar e elaboroi Programin e Lidhjes për 2024, i cili përmban aktivitetet tradicionale, por edhe projekte të reja në interes të antarësisë të shumënumërt.

Pas aprovimit njëzëri të Programit u aprovua edhe plani financiar për 2024.

Marrë në përgjithësi ishte kjo mbled-



sollën edhe ndryshime tjera që i inponon gjendja aktuale, edhe atë:

- në një komunë mund të formohet vetëm një shoqatë nëse ka më së paku 2.000 antarë.

Lidhja e shoqatave të pensionistëve të Maqedonisë është organizatë e interesit mbikqyrës të Lidhjes si organizatë e interesit publik, në përputhje me Ligjin për shoqata dhe fondacione dhe kontrolli i punës materiale e financiare nga ana e shtëpisë se pavarur për revizion.

Pas elaborimit pasoi diskutim në të cilën u përkrahën të gjithë antarët e pro- hje e rëndësishme dhe konstruktive e Kuvendit së cilës nuancë solemne i dhanë urimet Kryetarit të Kuvendit dhe Kryetares së Lidhjes për shëndet të mirë dhe rezultate ende më të mira në Vitin e ri 2024.

**LSHPM**

ShP Tetovë

# Pensionistët e zhelinës me ambient të ri

Dega vendore e pensionistëve të Zhelinës - Tetovë, gjatë gjithë periudhës së kaluar disavjeçare është dëshmuar me aktivitetet e organizimit pensional në këtë pjesë të Pollogut. Në mungesë të Klubit të pensionistëve, mbledhjet e Këshillit vendor dhe aktivitetet tjera, pensionistët i kanë zhvilluar në një ambient të komunës së Zhelinës, falë mirëkuptimit të udhëheqësisë komunale, për t'u dalë në ndihmë moshave të treta, që edhe këta të mund të zhvillojnë aktivitete që u takojnë.

Kryetari i degës vendore të pensionistëve në Zhelinë, z. Sabedin Ajdini thotë se kjo degë ka një shtrirje në fshatrat: Zhelinë, Strimnicë, Leshnicë e Epërme, Lëshnicë e Poshtme, Pollaticë, Trebosh dhe Saraqinë. Në këto vendbanime veprojnë rreth 840 pensionistë, të cilët kryesisht kanë qenë të angazhuar në industrinë tekstile, arsim, në bujqësi, por edhe në veprimtari të tjera.

Kryetari Ajdini për gazetën "Penzioner Plus" njofton se në Zhelinë, në ndërtim e sipër është Pallati i Kulturës, në kuadër të të cilit do të ketë ambiente të bollshme për veprimtari të ndryshme. Ne si organizatë e pensionistëve, kemi bërë një kërkesë që në kuadër të këtij objekti





të kulturës të na jepet për shfrytëzim një hapësirë, në mënyrë që pensionistët të kenë mundësi t'i zhvillojnë aktivitetet e përditshme.

Muedin Useini, anëtar i Kuvendit të Shoqatës së pensionistëve të Tetovës dhe i Këshillit ekzekutiv të saj, si aktivist i dalluar i organizimit pensional, veçon bashkëpunimin e pensionistëve të degës së Zhelinës me administratën komunale të Zhelinës. Sipas tij, pothuaj në të gjitha mbledhjet që i organizon dega e pensionistëve, pjesëmarrës në të janë edhe këshilltarë komunal, madje në disa raste, mbledhjet i ka përcjellë edhe Kryetari i komunës. Ky bashkëpunim, nënvizon Useini, ka mundësuar që pensionistët e kësaj ane t'i zhvillojnë të gjitha aktivitetet e planifikuara brenda vitit. Po kështu, sipas Muedin Useinit, varësisht nga temat që trajtohen, dega e Zhelinës i organizon mbledhjet e përbashkëta me atë të Grupçinit.

Aktivistët e organizimit pensional të degës së Zhelinës, nuk ngurojnë të flasin edhe për bashkëpunimin e shkëlqyeshëm të tyre me Shoqatën e pensionistëve të Tetovës dhe udhëheqësinë e saj. Në këtë plan, falë këtij bashkëpunimi, realizohet një informim i plotë i ndërsjellë mbi të gjitha aktivitetet. Informohet anëtarësia për gjithça organizohet dhe realizohet nga ana e Shoqatës, si bie fjala, ndarja e ndihmave të njëhershme në para për pensionistët, organizimi i ekskursioneve në vend dhe në shtete të tjera, informim mbi aktivitetet kulturore e sportive, e kështu me radhë.

Bashkëbiseduesit tanë zhelinas, zotohen se edhe në periudhën e ardhshme, do të angazhohen në realizimin e programit të punës së Shoqatës në përgjithësi dhe të degës së Zhelinës në veçanti, me qëllim që pensionistëve t'u ofrohet informacioni dhe ndihmesa e duhur.

**M. Murseli**

Интервју со д–р Иван Видиниќ, специјалист по инфектологија

# Превентивата вклучува вакцинација, носење маски, консумирање здрава исхрана...



**● Почитуван докторе Видиниќ, најнапред Ве молам претставете им се на нашите читатели кој е доктор Иван Видиниќ.**

– Моето име е Иван Видиниќ, доктор специјалист по Инфектологија вработен на клиниката за Инфективни болести и фебрилни состојби при универзитетската болница „Мајка Тереза“ во Скопје од 2002 година, моментално на позиција шеф на оддел за цревни инфекции.

**● Вие повеќе години работите како лекар инфектолог. Што беше причината да одберете да се занимавате со оваа хумана професија, како и со овој дел од медицината?**

– Секој човек различно реагира на болест. Причини за тоа се повеќе од пол, конституција, возраст, праг на болка, имунитет, ухранетост итн. Затоа една иста болест кај различни индивидуи може да се манифестира на повеќе начини. Кога на сето тоа ќе се вбројат и микроорганизмите кои се исто така живи организми со различен степен на патогеност и вируленција, комплексноста на инфективните болести многукратно се зголемува. Дијапазонот на клиничка манифестација на инфекција со ист причинител оди од асимптоматско носителство до фудројантна сепса и смрт. Оттука е предизвикот да се дијагностицира инфективна болест и да се предвиди ризикот од прогресија на болеста кон несакан исход.

**● Инфектологија опфаќа широк спектар на болести од кои боледуваат сите генерации, но кажете ни за болестите кои се најчести кај луѓето од третата доба, кај повозрасните?**

– Ако ги исклучиме детските болести, возрасните од трета доба заболуваат од исти инфективни болести како и сите други луѓе. Проблемот е во намалената отпорност и коморбидитетите кои доаѓаат со возраста, што ги прави постарите лица повулнерабилни (можат полесно да се заразат) во однос на младите.

**● Потеклото на инфективните болести е од бактерии и вируси. Како да се заштитиме најефикасно од нив, особено ние постарите? Како да се однесуваме превентивно, но и кога сме болни?**

– Како што споменав микроорганизмите се живи организми кои не можат да опстојат без храна и вода. За тоа ги користат нашите клетки и храната во нашиот организам за да можат да преживеат и да се репродуцираат. Со исклучок на некои бактериски и микотични причинители на инфекција, најголем број од микроорганизмите не можат долго да опстојат во надворешна средина. Болестите настануваат при контакт со заболено лице. При кивање, кашлање, зборување заболениот човек ги исфрла микроорганизмите во околината и доколку се најдеме во близина на инфицираното лице голема е веројатноста за пренос на болеста. Затоа превенцијата опфаќа избегнување на контакт со заболени, избегнување на собири во затворена средина, често проветрување на просториите, редовна хигиена, користење на заштитни маски во јавен превоз и при посета на лекар.

**● Во моментов медиумите даваат информации дека главно има вирус на грип, вирус на Ковид и некои респираторни вируси. Како да ги разликуваме заболувањата од нив, освен со тестирање?**

– Постојат одредени разлики помеѓу овие болести, но не секогаш можеме само врз основа на клиничката слика (симптомите) да ги разликуваме овие болести една од друга, бидејќи имаат слични симптоми. Од таа причина современите тестови за детекција на овие болести ги опфаќаат сите потенцијални вирусни причинители на респираторни инфекции кои циркулираат во одреден период во дадена средина.

**● Сега сме навлезени кон средина од зимата, вреди ли сега да се вакцинираме. Не ли е доцна?**

– Грипот или „инфлуенца“ е многу заразна респираторна болест предизвикана од вируси на грип кои ги зафаќаат носот, грлото, а понекогаш и белите дробови. Вакцинацијата против Инфлуенца е најдобро да се спроведе пред почеток на сезоната на грипот, а тоа е кон средина на есента. Но никогаш не е доцна за вакцинација се додека вирусот на грип циркулира помеѓу луѓето, а тоа е обично до крајот на зимата. Со тоа сме сигурни дека сме заштитени од сериозни компликации кои може да ги направи вирусот на Инфлуенца. Вакцинацијата е сезонска што значи дека секоја година треба да се вакцинираме за да бидеме заштитени.

**● Што е со носење на маските? Можат ли да не заштитат?**

– Да, маските штитат од респираторни вирусни инфекции и треба да ги користат вулнерабилните категории на лица особено ако не се вакцинирани од различни причини. Вакцината е најсигурен начин за заштита од овие заболувања и за поблаги симптоми.

**● Како влијае загадениот воздух на ширење на вирусите и бактериите?**

– Загадениот воздух ја намалува отпорноста на респираторната лигавица од инфекции и затоа неповолно влијае врз појавата на овие болести во загадена средина.

**● Почитуван докторе Видиниќ, кажете им на нашите читатели и како да се заштитат и од труење со храна, заболување кое го има преку цела година, а од кое често заболуваат сите, па и возрасните?**

– Народски кажано труењето со храна е група заболувања што настануваат по консумирање храна што содржи еден или повеќе агенси што содржат бактерии, паразити, вируси, фунги, но и токсични супстанции од немикробно потекло. Карактеристика на овие заболувања се акутност, што значи појава на симптомите во првите 72 часа од консумација на храната. Овие болести се јавуваат преку целата година, а доминантни се во лето. Не постои тип на вакцина за да се заштитиме од овие заболувања. Нема ниту антимикробно средство што може да спречи појава на овие заболувања. Во превенција на овие заболувања се најважни мерките на лична хигиена, користење на хигиенски исправна вода за пиење, внимателно консумирање храна од животинско потекло. Оваа храна треба да биде доволно термички обработена, да се консумира веднаш по приготвување. Ако не се јаде веднаш, приготвената храна треба соодветно да се чува, да се стави во ладилник, најмногу два часа по подготовката. При консумирање овошје и зеленчук потребно е темелно да се измие со вода. Посебно треба внимателно да се консумираат јајцата. Тие може да бидат примарно загадени уште во фазата на создавање на репродуктивните органи на живината. Затоа е неопходно да се консумираат само тврдо варени јајца, никако свежи или меко варени. Важно е да се избегнуваат продукти од свежи јајца, пред сè домашните мајонези, разни сосови, колачи, кремови за колачи. Исто така, треба да се консумира само хигиенски исправна вода. Ако не постојат такви услови, мора да се користи пакувана вода или превриена вода.

**● Кои се првичните симптоми и компликации што се јавуваат при труење со храна?**

– Има општи и специфични симптоми. Во општите симптоми спаѓаат треска, покачена телесна температура, слабост и намален апетит. На тоа се надоврзуваат симптоми на гадење, повраќање, дијареја, стомачни болки, грчеви во цревата. Тоа се главните симптоми, кои веднаш ги тераат пациентите да се јават на лекар и да побараат помош, но ако не се силно изразени симптомите на овие болести, пациентите можат сами да си помогнат. Некогаш е доволна и само диета од еден–два дена за да се смират овие симптоми.

**На крајот почитуван докторе Видиниќ, Ви се заблагодарувам на издвоеното време за интервјуто и Ви ја искажуваме благодарноста од повеќе Ваши возрасни пациенти за Вашиот ангажман кога биле хоспитализирани во Државна болница. Воедно голема благодарност и почит и кон сите што работат со Вас на Клиниката за инфективни болести во Универзитетската болница „Мајка Тереза“ во Скопје.**

**Калина Сливовска - Андонова**
**главен и одговорен уредник**
**на весникот „Пензионер плус“**

# Прехранбени продкукти што помагаат во намалување на штетните ефекти од загадениот воздух

**Воздухот што го дишеме достигна опасни нивоа на загадување. Експертите советуваат луѓето да се воздржат од каква било форма на брза физичка активност дури и во затворени простории.**

Мора да ги вклучите овие производи во вашата исхрана за да ги намалите штетните ефекти од загадениот воздух врз вашето здравје. Дури и луѓето без респираторни проблеми се изложени на ризик. Според нутриционистката д-р Рупали Дата белите дробови се првиот механизам погоден од смогот, а најмоќниот витамин за борба против здравствените состојби поврзани со белите дробови е витаминот Ц. Храната како спанаќ, авокадо, домати и зелен листен зеленчук се најефикасните извори на витамин Ц. Исто така, во борбата против штетното влијание на загадениот воздух врз организмот, ќе ви помогнат следните производи:

**Куркума** – Куркумата е позната по своите антивоспалителни својства, а заслугата е на куркуминот, соединение кое се наоѓа во него. Помага да се заштитат белите дробови од токсичните ефекти на загадувачите. Консумирајте мешавина од куркума и путер за ублажување на кашлицата и иритацијата на белите дробови предизвикани од загадениот воздух.

**Ленено семе** – Лененото семе е богато со омега–3 масни киселини и фитоестрогени. Омега–3 масните киселини го штитат вашиот кардиоваскуларен систем и помагаат да се намалат ефектите од смогот, додека фитоестрогените имаат антиоксидантни својства кои помагаат да се намалат симптомите на астма и другите алергиски реакции во белите дробови. Друга храна со поголема количина на омега–3 масни киселини се јаткастите плодови, јајцата, рибата и сојата.

**Спанаќ** – Спанаќот содржи бета каротин, зеаксантин, лутеин и хлорофил – кои се одговорни за зајакнување на вашиот имунолошки систем. Зелената боја на спанаќот се должи на хлорофилот, кој е силен антиоксиданс со антимутагени својства. Утврдено е дека има силни антиканцерогени својства, особено за белите дробови. Не само тоа, спанаќот е богат со магнезиум, кој обезбедува многу неопходен имунитет за борба против смогот. Овие својства го олеснуваат белите дробови и го отстрануваат оптоварувањето предизвикано од смогот. Покрај тоа, помагаат во артикулацијата на воздухот во белите дробови.

**Брокула** – Многу здравствени експерти и нутриционисти советуваат да додадете брокула во вашата секојдневна исхрана за да се борите со штетните ефекти на загадувачите. Според студијата спроведена при Универзитетот „Џон Хопкинс“, луѓето што јаделе брокула ги исфрлале токсините поврзани со загадувањето на воздухот. Тоа е затоа што брокулата се состои од сулфорафан, антиканцерогено соединение. Тоа помага да се исфрлат повисоките нивоа на канцероген познат како бензен низ нашите црева. Покрај тоа, богатите количини на витамин Ц што се наоѓаат во брокулата, исто така помагаат во зајакнувањето на нашиот имунитет.

**Домати** – Доматите се богати со бета–каротен, витамин Ц и ликопен – антиоксиданти што помагаат да се намали воспалението на дишните патишта, дополнително намалувајќи ги шансите за предизвикување астма и други респираторни проблеми. Се верува дека ликопенот е едно соединение одговорно за одржување на здравјето, а покрај тоа, го одржува нивото на слободните радикали во рамнотежа, заштитувајќи го телото од респираторни заболувања и други здравствени состојби. Познато е дека бета–каротенот во доматите го забавува стареењето на белите дробови.

**М. Дамјаноска**

# Јодот е моќно оружје против вирусни инфекции

Јодот е ефикасно антивирусно и антибактериско средство со долга историја на употреба како средство за чистење рани и широк спектар на средства за дезинфекција. Многу луѓе го користат за дезинфекција на рацете за време на настинки и грип, а познато е и дека успешно се користи за намалување на вирусните и бактериските инфекции. Јодот е клучна компонента на здравјето; бидејќи нашето тело не може да го произведе, мора да го внесеме преку исхраната.

Недостатокот на јод влијае на тироидната жлезда, па затоа е многу важно да се консумира во оптимална количина. Доколку имате акутен дефицит на јод, тироидната жлезда може да се зголеми. Оваа состојба се нарекува гушавост. Нерамнотежата на јод во организмот може да го зголеми ризикот од хронични болести. Во светот, 2 милијарди луѓе страдаат од недостаток на јод, но само 50 милиони имаат клинички симптоми. Дури и мал недостаток може да предизвика мали проблеми со невролошкиот развој. Во исто време, вишокот може да предизвика зголемување, воспаление, дури и рак на тироидната жлезда. Значи вишокот на јод предизвикува и хипертироидизам, додека недостатокот предизвика хипотироидизам. Кога тироидната жлезда не функционира целосно, може да доведе до срцеви заболувања. Хипертироидизам е поретко и може да предизвика вашето срце да чука побрзо и да предизвика нарушувања на срцевиот ритам. Најчеста е атријалната фибрилација, при која горните комори на срцето се движат несоодветно. Пред да ги почувствувате ефектите врз срцето, веројатно ќе забележите други симптоми на хипотироидизам. Можеби ќе бидете во искушение да ги отпишете како стареење, но не заборавајте да се консултирате со вашиот лекар. Знаци на хипотироидизам вклучуваат: замор, зголемување на телесната тежина, сува кожа, отечено лице, рапав глас, проретчена коса, бавно отчукување на срцето, депресија, слаба меморија, болка и вкочанетост во зглобовите, болки во мускулите и замор, неправилна столица, голема чувствителност на ниски температури и друго. Исто така јодот е ефикасен и против мувла и габи. Од сите антисептички препарати погодни за директна употреба на луѓе, животни и ткива, само јодот може да ги убие сите класи на патогени микроорганизми: грам–позитивни и грам–негативни бактерии, микробактерии, габи и вируси. Повеќето бактерии умираат во рок од 15–30 секунди по контакт со јодот. Јодот е корисен и за намалување на постоперативните инфекции. Храна богата со јод: алги, суви сливи, млеко и млечни производи, јајца и хималајска розова морска сол итн.

**Маја Белева**

КОРИСНИ СОВЕТИ

# Предмети кои сите ги имаме дома, а се „дувло“ за инсекти

**Еве неколку места во домот кои се погодни за живот на инсектите:**

**Влажни места** – Онаму каде што има одводи – бања, кујна, места околу мијалникот, како и сите места каде што може да се најдат остатоци од храна се вистинско царство за малите непријатни посетители. Инсектите кои живеат во домовите, како што се бубашвабите, уживаат во овие места. Единствениот лек против влагата е да ја проверите исправноста на вентилите за вода и одводите за во нив да не се задржува влага. Што се однесува до храната, исчистете сè после јадење и не оставајте ништо на местата кои им се лесно достапни на инсектите, бидејќи нема да можете долго да се ослободите од нив (и гладните мравки спаѓаат во оваа група).

**Растенија во собата** – Тие се вистинска мамка за ситните, но поголемите инсекти. Што е уште полошо, инсектите се доказ дека не се грижите доволно за домашните растенија, бидејќи не ги наводнувате правилно. Имено, ако премногу ги полевате и има премногу вода во саксијата во која стојат, се создаваат супер влажни услови – рај за инсектите. Оставете ги растенијата да дишат и погрижете се да има доволно воздух во просторијата што ќе ја исуши влагата и ќе го намали развојот на габите, кои го уништуваат растението. На тој начин ќе се спасите и од инсекти.

**Презреано овошје** - Сигурно сте забележале рој мали мушички и муви кои постојано лебдат над чинија со презреано овошје. Скапаното овошје е вистински рај за нив, затоа прво ставате го во пластично ќесе, па дури потоа фрлете го во отпад, а најдобро е да го изедете пред да почне да скапува.Слично е и со отворените конзерви и шишиња со сокови, кои се неодолива мамка бидејќи ги привлекува ферментацијата. Доколку е потребно, исплакнете ги со чиста вода пред да ги фрлите во отпад.

**Стара хартија** - Книгите кои долги години стојат по полиците, старите весници, купиштата фактури, флаерите, писмата претставуваат рај од целулоза, со која се хранат домашните инсекти, особено пајаците, но и лебарките на кои меѓу листовите им е удобно и топло. Затоа потрудете се што помалку да ги чувате на масите, комодите, аглите и полиците, а книгите од кои не можете да се откажете ставете ги во убави пластични кутии што се затвораат.

**Бела светлина** - Белата и сината светлина привлекува инсекти во домот, додека црвеното, портокаловото и жолтото светло ги одбива. Затоа, заменете ги ЛЕД светилките со оние чие светло е потопло, барем во периодот кога има најмногу инсекти – летото.

**Картонски кутии** - Работите најлесно се складираат во картонски кутии, но мора да знаете дека тие се храна за инсектите, особено за термитите, бидејќи тие се хранат дури и со лепилото што им е на рабовите.Инсектите ги премачкуваат овие кутии со нивните секрети и на тој начин привлекуваат други видови. Бидејќи сакаат да живеат во рој, за брзо време нема да можете да се одбраните од нив. Најдобро решение за ова е да си набавите пластични ќеси што се затвораат и проблемот ќе биде решен.

**Сурово дрво** - Небојадисаните штици и дрво се неодоливи за пчелите. Во дупките од дрвото снесуваат јајца, продлабочувајќи ги уште повеќе. Затоа, покријте го огревното дрво со пластични фолии, а дрвените огради и подовите на балконите бојадисајте ги или премачкајте ги со некој заштитен материјал кој целосно ќе ги запечати вдлабнатините и дупките на дрвото.

**Б. А.**

# Сто години од раѓањето на Ацо Шопов

Деновиве се одбележуваше јубилејот сто години од раѓањето на нашиот великан, поетот Ацо Шопов. По тој повод Здружението на просветни работници на Македонија, заедно со поети пензионери од Солидарност – Аеродром учествуваа на чествувањето на поетот во Штип.

**З**аедно со домаќините положивме цвеќе на спомен–бистата на поетот во паркот и читавме поезија во негова чест. Манифестацијата продолжи во библиотеката и во спомен–собата на поетот во која беа изложени слики и стихови од Шопов. Впечаток ми оставија неговите стихови:

„Ако носите нешто недоречено,
нешто што те притиска и пече,
закопај го длабоко во тишината,
тишината сама ќе го рече“.

Манифестацијата започна со прикажување на видео, во кое поетот ги читаше стиховите на песната „ОЧИ“. Гостите и домаќините се претставија со своја поезија, посветена на поетот. Посебно треба да се забележи настапот на штипските ученици кои со својата поезија покажаа дека се достојни наследници на великанот, нашиот Ацо Шопов.

Ние, како гости се претставивме со свои песни. Јас настапив со песната „Јас сум душа македонска“:



Еј, јас сум душа македонска,
срце ми е Шар Планина,
рода сум на Гоце и Јанета,
душата ми е чесна, праведна.
Крвта ми е македонска,
течам во води на Вардара,
од Врутока до Солуна
ја појам со крвта земјава.
Очи ми се две Пелистерски Езера,
летам сокол на небо македонско,
светам бисер езеро охридско,
гордост ми е земја балканска,
еј, јас сум душа македонска!

**Ратко Спасовски**

# Кон најновото прозно дело на Снежана Паноска, „Капки надеж“




Снежана Паноска е родена во 1955 година во Струмица. По професија е дипломиран економист. Живее и твори во Прилеп. Досега има објавено пет стихозбирки за возрасни, две стихозбирки за деца, збирка со кратки раскази и песнички со наслов „Бабините медени бајки„ како и збирка раскази „Приказни од животот“.

Член е на Клубот „Литературни творци“ од Прилеп. Добитник е на 3–то Ноемвриската награда на  град Прилеп во 2018 година.

Ова е кусата биографија на пензионерката Снежана Паноска. Пред нас е  нејзиното најново дело „Капки надеж“ кое претставува збирка на преубави раскази во кои како нишка се испреплетуваат пораките за важноста на надежта. Што да се каже за ова прозно дело на Снежана?

Моите впечатоци се дека штом ќе ви дојде в раце едноставно не можете да го оставите додека на ги прочитате и последните редови. Секој расказ во книгата има своја посебна животна приказна издвоена и независна од другите раскази, но во секој расказ блика од некој агол онаа оптимистичка „капка на надежта“. А како и би било поинаку кога и авторката е поттикната од сознанието дека надежта го одржува поголемиот дел од човештвото. Сите живи суштества на планетата го оправдуваат своето постоење со некоја цел која ги движи во животот. Целта е секогаш остварлива, ако ја бодри надежта, макар и мало жарче од неа може да го направи животот поубав.

Оној кој има надеж има сè. Сакале ние да прифатиме или не, токму таа е ореол кој стои над нас и не следи во секој чекор. Не би било во ред да не се каже дека не постои човек кој не ја негува надежта затоа што таа е феномен врз кој се темели животот.

Како што ќе нагласи рецензентката на книгата Цеца Видоа – Трајческа:

– Авторката Паноска мајсторски ги создала расказите во кои и темата и идејата слоевито се надополнуваат. Скоро во секој расказ има интеракција преку прашање, сакајќи читателот да проникне во ликот и сижето. Всушност со тоа таа ни дозволува, ние како читатели индивидуално да ја обликуваме фабулата, според моделот што таа го има поставено однапред.

Изборот на ликовите како што оценува рецензентката Трајческа, е кристално чист. Тоа се ликови кои во рацете ја држат „капката надеж“ што ги води по патот на животот.

Ликовите се едноставно прикажани како шема на наративното „разголување на душата“. Родителите – корените, семејството – стеблото, пријателите, роднините, гранките и случајните познанства, лисјата на едно дрво кое како плод ја раѓа капката надеж. Некои од расказите ќе ви ги насолзат очите, други ќе ви изнудат насмевка, но сите заедно ќе ве натераат да проникнете длабоко во содржината и ликовите и на свој начин да ги доживеете емоциите кои ги бранува оваа збирка раскази.

Се придружуваме кон препораките на рецензентката Трајческа оваа збирка со раскази да стане дел од вашата домашна библиотека или барем само да ја прочитате, зашто таа ќе ги разбуди вашите емоции за семејните вредности, обичаите, дамнешните времиња како слика на денешницата носени на крилјата од само една капка надеж.

**Ц. Илиева**

# Кристалите на Атлантида и Хипербореја

Одејќи на прошетка во изминатите ладни зимски денови, забележав кристали насекаде, врз снежната покривка, како светкаа како мали ѕвездички, во сите бои на виножитото. Ме одушевува тоа сјаење на снегот, кристалите величествени, а природата делуваше многу убава и украсена и дишеше со некоја голема убавина. Кристалите настануваат ако температурата слезе на минус 8 степени Целзиусови. Не траеја долго тие кристали. Сепак доволно да ги запаметам. Ако ја раширам сликата со нив доаѓам до тоа дека тие се некој остаток од некоја идеална земја во некое идеално време, какви што биле Атлантида и Хипербореја. Градовите таму биле толку совршени и во склад со сите закони на природата, што наликувале на прекрасни кристали. Бидејќи не им биле тајни сите закони на природата, овие луѓе имале непрекината бесплатна енергија и ги напојувале своите градови со неа, за сите свои потреби. Некои претпоставки се дека ги имале скоро сите денешни технологии, само тие биле движени како на гулабови крилја со бесконечната енергија. Доколку нешто е толку многу идеално однадвор, сигурно морало да биде и одвнатре совршено уредено и овие прастари луѓе ги познавале и тајните на душата. За да функционира беспрекорно нивното општество тие биле возвишени и доблесни во секој поглед. Но, сигурно постоело нешто што било клучно за нивниот опстанок. Како што кристалите се појавуваат и светкаат во своите прекрасни облици само на температури од минус осум па надолу, така и овие прекрасни кралства имале некоја своја загатка, некој свој услов за да постојат и опстанат.

Ние самите ја креираме со своите мисли и чувства својата реалност. Тоа и водата ни го докажува така што прави прекрасни кристали кога покрај неа има добрина и убавина, а грди кога покрај неа е нешто грдо и зло. Кога некому му се обраќаме со добрина и тоа го правиме секојдневно, тогаш таа личност може поволно и брзо да се развива и напредува.

Направени се и експерименти за односот кон нештата со ориз. Мислам беше еден Јапонец научник кој засадил три саксии со ориз. Едната саксија секој ден ја поздравувал и ѝ говорел убави зборови, на другата не ѝ велел ништо, а на третата ѝ се дерел. Резултатот бил таков што саксијата која била поздравувана израснала изобилно, игнорираната израснала средно а, таа на која ѝ се дереле свенала.

Како згаснале идеалните кралства можеме само да си претпоставуваме и да се насладуваме со нивните остатоци, во сè идеално што ќе забележиме во природата околу нас или пак во човекот. Возвишувањето во секој поглед е насушна потреба на човекот но, и на тоа некој треба да го научи. Хипербореја и Атлантида постоеле не за да копнееме по нив и да се обвинуваме дека сега ние живееме во толку несовршен свет, туку да се потсетиме дека можеби не ги исполнуваме условите за толку голем напредок и опстојување. Човекот знаел но, сега треба да биде потсетен дека за да расне надворешно и да се возвишува, мора истовремено да расне и внатрешно. Можеби овие кралства имале услови да опстојат во тој еден мал сегмент од историјата, кога биле исполнети условите за тоа. Како да се само слика на некои предпостоечки еони или одраз на рајот и нè упатуваат на тоа дека внатрешното развитие е исто толку важно како и надворешното. Стариот и Новиот век се како две крила на истото човештво. Вечната мудрост се појавила на средината. Така, јас овие кристали и сета убавина што ја испишува зимата ја гледам преку мудроста што сака да се открие. Недофатливоста на светлината и на душата.

**М. Белева**



ПАТУВАЈТЕ - СОНУВАЈТЕ

# Германија е најнаселената земја во Европската Унија

Германија е најнаселена земја во Европа, се разбира ако не ги земеме предвид Русија и Турција, кои во поголемиот дел се простираат на азискиот континент, но дефинитивно е прва меѓу земјите од Европската Унија со повеќе од 83 милиони жители. Во суштина, доста знаете за Германија, но еве уште неколку интересни факти:

**Повеќе од 5 илјади видови пиво** – Германија е позната по производството на некои од најдобрите пива во светот, а овој пијалак е клучен дел од германската култура. Според бројни истражувања, Германија е трета земја во светот по количина на пиво по жител по Чешка и Австрија, а во Минхен секој септември се одржува најпознатиот фестивал на пивото во светот – Октоберфест, повеќе од еден век.

**Железничка врска и автопатишта** – Една од работите што е доведена до совршенство во оваа земја е секако железницата. Таа брои повеќе од 41 илјада километри пруга, па со воз може да се патува речиси цела Германија. И да, најнормално е што овие возови скоро секогаш пристигнуваат на време, доцнењата се вистинска реткост. Исто така, Германија има одлични патишта кои се протегаат на 13 илјади километри.



**Најдобрите колбаси** – Колбасите (германски „вурст“) се важен дел од германската кујна, а Германците се едни од најголемите производители и потрошувачи на овој месен деликатес. Во Германија има над 1 500 различни видови колбаси.

**Велигденско зајче** – Велигденското зајче првпат се споменува во книгите во Германија во 15 век. Германија, исто така, го произведе првото велигденско зајче кое може да се јаде, направено од печиво и шеќер, во раните 1800–ти.

**Земја на замоци** – Се верува дека во Германија има повеќе од 25 000 замоци, од кои многу биле изградени од европското благородништво во средниот век. Оваа бројка вклучува и палати, кои се дизајнирани со фокус на декорацијата, додека замоците се изградени за одбрана – но и двете се прилично величествени.

**Милер** – Најчестото презиме во Германија е Милер, а на него се јавуваат повеќе од 900 илјади жители. Други вообичаени и популарни презимиња се Шмит, Шнајдер, Фишер, Вебер, Вагнер, Бекер... Што се однесува до имињата, кај мажите најзастапени се Алекс, Лукас и Мајкл, а кај жените Леа, Јулија и Лаура.

**Бегството од затвор е легално** – Во Германија се смета за основен човечки инстинкт да правиш сè што можеш за да бидеш слободен. Значи, ако затвореникот се обиде да избега од затвор, нема да добие дополнителна казна за самиот чин. Меѓутоа, ако затвореникот оштети каков било имот, повреди некого или изврши



какво било друго кривично дело додека се обидува да избега, тој ќе биде обвинет плус за тие злосторства.

**Јаворови шуми** – Германија е покриена со шуми на повеќе од 11,4 милиони хектари. Ова е приближно 32 отсто од германската почва. Ако сте љубител на природата и сакате да поминувате време во природа, не прескокнувајте патување во Германија.

Има огромни пространства со прекрасни шуми за посета, што отвора безброј можности за кампување кои не можете да ги искусите никаде.

М.Д.

## Цитати од Блез Паскал - француски матаматичар и физичар (1623 - 1662)

● Човекот само по себе е најпрекрасниот објект во природата; бидејќи не може да сфати што е телото, уште помалку што е разумот, а најмалку како телото треба да е соединето со разумот. Сево ова претставува врв на неговите тешкотии, а сепак претставува негово битие.

● Ја спознаваме вистината не само со разумот, туку исто така и со срцето.

● Генерално земено, повеќе се убедуваме од причините кои сами ги откриваме отколку од оние кои другите ни ги даваат.

● Срцето има причини за кои разумот ништо не знае.

● Бесконечната тишина на овие бескрајни простори ме исполнува со ужас.

● Бидејќи не можеме да знаеме сè што има да се спознае за што било, можеме да знаеме малку за сè.

● Нашиот поим за симетрија е произведен од човечкото лице. Затоа ја бараме симетријата хоризонтално и моментно, а не вертикално или во длабочина.

● Секој мора да се спознае себеси и ако ова не му служи да ја спознае вистината, тогаш најмалку му служи како правило во животот и нема ништо подобро од тоа.

● Човекот е подеднакво неспособен да ја види празнината од која се појавува и бесконечноста со која е опфатен.

● Дојдов до откритие дека сето човечко зло доаѓа од ова, дека човечкото битие не може да се скраси мирно во една соба.

● Многу малку луѓе говорат смирено за смиреноста, чедно за чедноста и скептично за скептичноста.

● Јасно е дека човекот е создаден за мислење. Тоа е сето негово достоинство и сета негова заслуга.

● Вербата е мудар облог. Доколку верата не може да се докаже, каква штета ќе претрпиш ако се обложиш на нејзината вистина и испадне дека е лажна? А ако го добиеш облогот, добиваш сè; ако пак изгубиш, не губиш ништо. Затоа обложувај се без двоумење, дека Тој постои.

● Врховната функција на разумот е да му покаже на човекот дека некои нешта се зад разумот.

● Ништо не одмора така како искрената потрага по вистината.

● Љубовта нема граници на својата издржливост, нема крај на довербата, нема бледнеење на надежта; таа ги надминува сите. Љубовта сè уште стои, кога сè друго е паднато.

● Ние не сме задоволни од реалниот живот; сакаме да живееме некој измислен живот во очите на другите луѓе и да се чиниме поинакви од она што всушност сме.

● Ајде сите да ги истражиме своите мисли; ќе ги најдеме потполно обземени од минатото или од иднината. Ние скоро никогаш не мислиме на сегашноста, и ако помислиме на неа, единствено што не интересира е светлината која таа ја фрла на нашите планови за иднината. Сегашноста никогаш не е нашиот крај. Минатото и сегашноста се нашите средства, а иднината е само крај.

● Човештвото страда од две прекумерности: да го исклучи разумот и да живее само со разумот.

● Една половина од болестите во животот доаѓаат бидејќи луѓето немаат волја да седнат тивко за 30 минути да размислат за можните последици од нивните дела.

**подготвила М. Белева**

## КРСТОЗБОР

| пензионер плус | американска актерка (фотос) | францускиписател | српски актер | народно женско име | град во перу | британ. министер за надворешни работи | првата буква од азбуката | длабоки клисури | вид житно растение | третата и првата буква од азбуката | кислород | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| село во светиниколско | | | | | | | | | | | | | | | |
| името на пејачот карузо | | | | | | | женско име / ангстрем | | | | една нота | | | | |
| обележување на патен правец | | | | | | | | | | метар / град во шумадија | | | | | |
| италијански композитор, џовани | | | | | | | реден број / непрофесионализам | | | | | | | | |
| меѓунар. аматерски боксерски сојуз | | | | град во индонезија / две самогласки | | | | | лумен / согласка и самогласка | | пензионер плус | | | | |
| појава на низок раст | | | | | | | | | | | меана | радиус | јасен изговор / женско име нагалено | | марка автомобил |
| бобинка | | | | | една нота / америк. артист, вил | | | истакнат работник / обем | | | | | | | |
| името на актерката далтон | | | | направа за сеење / преглед | | | | | самогл. и согласка / босанс. пејач сафет | | | непозната во математиката / ураниум | | | |
| индијански поглавица | | | | | | | | самогл. и согласка / атристката маргрет | | | мерка за маса / радиус | | | | |
| шампиони | | | | | | делокруг / австрал. актерка рајчел | | | | | | персиски цар / артистот алексиќ | | | |
| буква од азбуката | | руски политичар максим / зимзелено дрво | | | | | | | | | женско име / широчина | | | | |
| проба | | | | | осигурит. завод (скр.) / тантал | | | присвојна заменка / една нота | | | | | амстронг / авенија (скр.) | | самогласка и согласка |
| дел од деноноќието | | | | обичај / азот | | | | | | | | | | електрон / шпанија | |
| струмица | | | супериорност, доминација | | | | | | | хидроцентрала во македонија | | | | | |



**Решение:** Кадрифаково, Енрико, ава, трасирање, м, ригати, осми, иба, онан, б, наносомија, д, зрно, фа, ударник, еби, сито, ен, икс, тикумсе, ин, унца, асови, ресор, кир, ц, литвинов, маја, обид, оз, ваши, а, ноќ, традиција, е, ср, надмоќ, равен.

## Хумор

– На колку години те осудија тебе? – прашува едниот?
– На десет.
– А зошто, што направи?
– За ништо, навистина ништо...
– Аха, на друг да му ги кажуваш тие приказни... Кај нас за ништо осудуваат на пет години.

* * *

– Синко, да не имаш температура?
– Не, мори бабо, ти си почнала да се ладиш.

* * *

Малиот Трпе довел дома три девојки. Уште од вратата и вика на Трпана:
– Мамо, ај погоди која од овие три ќе ти биде снаа?
– Оваа третата, црнката. – рекла Трпана.
– Браво, од прва ја погоди. Како?
– Што знам, само што ја видов почна да ме нервира некако.

* * *

Полицаец запира возило и му вели на возачот:
– Господине, ова што го возите вие не може да се нарече автомобил.
Возачот:
– Знам, затоа и немам возачка дозвола.

* * *

Трпана на телевизија гледа емисија за готвење. Трпе доаѓа и и вика:
– Што гледаш вакви емисии и онака не те бидува за готвење!
Трпана:
– Па и ти гледаш „порниќи“!

* * *

– Трпано, дојди тука да те прашам нешто.
– Кажи Трпе?
– Кога комшијата си купи нова кола, ти ме натера и ние да си купиме. Кога комшијата си зеде поголем телевизор, ти ме натера и ние да си купиме. Кажи ми сега што да правиме?
– Зошто? Што направи пак сега тој?
– Е па си зел нова жена...

* * *

„Кои се најважните зборови за успешна и среќен брак? „Извини“ и „Ти си во право душо“...

* * *

Сине, каде да си ја видам тежината на твојава вага?“
„Бабо, симнувај се веднаш, тоа не е вага, тоа е мојот таблет!“

* * *

Перица ја прашал мајка си:
„Мамо, што прави штркот откако ќе го донесе детето во семејството?“
„Пааа, лежи, спие, гледа ТВ, игра игри, некогаш излегува да игра карти со другарите.“

* * *

– Знаеш ли Трпе дека убаво би било бракот да се потпишува на 10 години, исто како возачка дозвола. Па, потоа ако сакаш, ја продолжуваш.

* * *

– Тато, дај некој денар?
– Касата е кај мајка ти? И јас од неа барам за мир во куќа!

* * *

– Ване, си видел ли ти детектор?
– Како не сум видел. Ќена ми е најквалитетниот детектор. Ништо не можам да скријам.

* * *

– Трпано, што има за ручек?
– Зелка без месо.
– Зошто без месо?
– Како зошто? Крај на месецот е!



# Пожарникарите се вистински херои



Пожарникарство е професија чија цел е згаснување и спречување на ширење пожари каде и да се појават, а пожарникарите се лица кои го прават тоа. Целта им е да ги заштитат животите на луѓето и нивните имоти од пожар. Обучени се да пружаат и друг вид помош, извлекување луѓе од возила при сообраќајна несреќа, интервенции за време на поплави, земјотреси и извршување други работи при природни катастрофи. Оваа професија бара високо ниво на физичка, ментална и психичка способност и храброст. Првите пожарникари биле ВОЛОНТЕРИ. Првата професионална противпожарна служба во Свети Николе е формирана 1935 година. Прв претседател бил свештеникот Тома.

Слободан – Бане Стојанов, својот работен ангажман го поминал како професионален пожарникар. Пензионер е 20 години, но интерес и љубов кон пожарникарството кај



него е сè уште големо. И во пензионерските денови могупати им помага, дава поддршка и едукација на млади пожарникари, и волонтира како пожарникар.

Прво вработување му е како командир во Противпожарното друштво „Свети Николе„ во неговиот роден град. Во текот на работниот век, како професионален и обучен пожарникар, спасувал човечки животи од разни тешки ситуации, спасувал имоти, обучува млади кадри и граѓани како да се заштитат од пожари, држи предавања во врска со пожарникарството, оди на семинари и се дообразува. При интервенции на пожари, со својот тим се наоѓал во многу тешки и опасни ситуации, но ги извлекуваа луѓето живи од запалените објекти, и акцијата ја завршуваат успешно.

– Во тимот имавме мошне храбри и пожртвувани луѓе, заради тоа и успевавме. Многу пати се случувало во гаснење пожари буквално да чувствуваме дека е тука крајот, крајот на нашето постоење. Секој настан е на свој начин тежок и сака единствена и посебна интервенција и пристап. Но, еве еден мошне опасен случај: Ова се случи кога имав околу 45 години. Многу години изминаа, но како да беше вчера. Мислам дека секој миг од тој настан сè уште ми е пред очи и го чувствувам. Со пријателот седевме во ресторан. Телефонот заѕвони, ме викнаа, имало запалени боци со оксиген. Без размислување тргнав и мислам за миг се најдов на местото. Гореа 8 боци од вкупно 27. Глетката беше страшна. „Боже само да не експлодираат“ – си помислив. Самата боца е тешка 70 кг плус 30 кг оксиген. Првата боца се запалила од невнимание при заварување. Останатите се палат од боца која веќе гори. При експлозија парчиња метал летаат до 300 м а разорната моќ е огромна. Прво што ми падна на памет да не ги викам останатите колеги кои беа многу помлади од мене. Си реков „ако дојде до експлозија само јас ќе загинам“. Влегов внатре и ја изнесов првата боца која гореше, и пламенот го затрупав со песок, така го сопрев горењето. Потоа дојде еден човек на помош и тој од боците го затрупуваше огнениот пламен со песок. Така направив со сите осум. Бев без пожарникарска опрема. Спасив многу животи, бидејќи ако експлодираше само една боца ќе беше огромна катастрофа. Локацијата на настанот беше во индустриската зона на градот. Само во текстилната фабрика беа вработени околу 400 работници, а имаше помали фабрики и канцеларии. Пожарникарите се навистина херои. Кога сите бегаат и се исплашени од огнената стихија, тие влегуваат опкружени со пламените јазици и спасуваат. Во најкритични моменти треба да се донесе одлука – вели Бане.

За несебично давање себеси во работата и спасување животи и имоти, пожарникарот Бане има добиено многу признанија, пофалници, одликувања, но најдраги му се две. Едното го добил во Белград од Министерството за внатрешни работи на СФР Југославија како успешен командир на „Противпожарна јединица„ од Свети Николе. Друго одликување е златен медал од Противпожарниот сојуз на Република Македонија, како најдобар командир на Противпожарна единица во Македонија.

**Вукица Петрушева**

ЗП Кисела Вода

# Зимски активности

Есента замина со сета своја убавина и со сите активности на ЗП Кисела Вода предвидени со програмата за овој дел од годината.

Дојде зимата, но активностите на ограноците на ЗП Кисела Вода не престанаа. Со наближувањето на Новата година се ближеа и верските празници. Во сите ограноци беше раздвижено со



предновогодишно расположение со прослави и желби за нови почетоци и нови радости.

На 27–ми декември пензионерите на ЗП Кисела Вода ја испратија старата и ја дочекаа Новата година со многу забава. Се играше, се пееше а расположението беше големо. Пораките за новото лето Господово беа единствени: многу здравје, мир, спокој во сите домови. На сите пензионери на ЗП Кисела Вода, претседателката на Активот на жени Даница Давчева им испрати порака: мир и љубов да се шири во светот.

На 20.12.2023 год. на покана на кулинарската културна организација „Везилка“ на Алфа телевизија под раководство на Андријана Алачки, а во организација на претседателот на ЗП Кисела Вода, Момчило Петровиќ зедоа учество и нашите пензионери на Здружението. Вредните раце на пензионерите од сите ограноци, подготвија две трпези: Бадникова и Божиќна. И двете трпези беа пребогати со традиционални празнични приготвени јадења каде креативноста дојде до израз. За Бадниковата трпеза и традицијата наследена од прабаби, баби и мајки, зборуваше Добрила Филиповска, додека пак за Божиќната трпеза наследена со векови говореше Даница Давчева, претседатека на Активот на жени при ЗП Кисела Вода. Претставувањето немаше да биде целосно без учество на игроорците и песнопојците на КУД „Пензионерски бисери“ на ЗП Кисела Вода. Се одиграа многу ора, се испеаја многу песни. За културно–забавниот живот зборуваше Блага Трпевска, претседател на Комисијата за фолклор.

**Горица Анѓелковска**

# Активист со долгогодишен спортски животен опус



Името на Илија Трајанов од Радовиш е добро познато на спортската јавност. Овој 82–годишен пензионер, по професија е професор по физичко воспитување. Веќе дваесетина години го живее пензионерскиот живот. За својата долгогодишна плодна активност е добитник на голем број домашни и меѓународни признанија и медали, кои сведочат за една богата животна кариера. По повод 6 Ноември, Денот на ослободувањето на Радовиш, Илија Трајанов во 2023 година ја доби „Шестоноемвриската награда“ за животно дело, со што го заокружува својот богат животен опус.

– Спортската кариера ја започнав уште во основното училиште, преку ДТВ „Партизан“. Формиравме боречка секција, која потоа прерасна во боречки клуб „Партизан“. Со текот на времето клубот го смени името и денес се вика боречки клуб „Бучим“, во кој одредено време бев и тренер. Моите спортски активности се одвиваа и во други спортови. Јас сум еден од основачите и подоцна еден од тренерите на кошаркарскиот клуб во Радовиш. Повеќе години работев со пионерската школа на ФК „Плачковица“, – раскажува Илија Трајанов.

Најголемиот дел од својот спортски живот го посветува на својата голема љубов, боречкиот спорт. По покажаните судиски квалитети на републички и сојузни натпревари, во 1976 година полага за меѓународен судија, трета категорија. Благодарение на неговата упорност се здобива и со втора и прва категорија, како и со највисоката категорија „екцепционел“. Така, како меѓународен судија суди на 9 светски, на 9 европски првенства, на 6 балканијади и на Медитеранските игри во 1987 година, како и на многубројни републички и меѓународни турнири во борење. За свој најголем успех го смета добивањето на лиценца од Светската боречка федерација. Како круна на неговите судиски квалитети е делегирањето за делегат на ФИЛА на меѓународен турнир во Грција.

И по пензионирањето Илија Трајанов продолжува да биде активен. Учествува на домашни и меѓународни конгреси, научни конференции и симпозиуми од областа на спортот, каде што се здобива со многубројни сертификати и дипломи.

Во организирањето на општински спортски активности, тој секогаш е составен дел од нив. Во ЗП Радовиш и Конче тој е претседател на Комисијата за спорт. Радовишките пензионери за регионалните и републичките спортски игри се подготвуваат под негово раководство. Ефектот од тоа се многубројните освоени пехари и медали. Инаку, на самите игри тој е ангажиран како судија во повеќе спортски дисциплини.

**Мите Сарбаков**

ЗП Велес

# Грижа за здравјето на руралните пензионери

Како и многупати досега, така и во месец јануари годинава беа посетени многу рурални места кои се во состав на Здружението на пензионери – Велес. Овој пат нашата екипа ја посети Богомила. Ова населено место пред некое време беше општина, а сега припаѓа кон Општина Чашка, како и многу други. Порано во Богомила училиштето имаше паралелки до деветто одделение, а сега само до петто и тоа со многу мал број ученици. Учениците од ова училиште беа посетени од нашето здружение за новогодишните и божикните празници кога им беа поделени новогодишни пакетчиња.

На 24 јануари годинава во Богомила беа посетени многу жители на кои им беа доделени пакети со прехранбени продукти, посебно впечатливо беше што беа посетени од доктор Никола Нацев, специјалист хирург и пензионер од Велес. Повозрасните луѓе од Богомила дојдоа во Пензионерскиот дом и беа прегледани од докторот. Тој им мереше крвен притисок, шеќер во крвта и им даваше совети за проблемите на кои се жалеа луѓето.

Богомила пред неколку години имаше амбуланта, како и други места од Општина Чашка, како Извор, Теово и други во кои барем по двапати во неделата амбулантите беа отворени за лицата кои имаа потреба од лекарска грижа.

Пензионерите од руралните средини не се запоставени, во многу од нив се изградени домови, како во Извор, Теово, Чашка, Градско и други. Претседателите на ограноците контактираат со Здружението и на тој начин им се пружа помош на сите



кои имаат потреба од тоа, како на пример со храна, облека, огревни дрва, парична помош и слично. А здруженијата на пензионери се создадени и за тоа: да си помагаат меѓусебно, да се посетуваат, да одат на прошетки, едноставно да не чувствуваат дека се запоставени од блиските и хуманите луѓе. ЗП Велес и понатаму ќе настојува да се грижи за сите свои членови каде и да се наоѓаат. Посебна грижа за руралното население ќе се посвети со превенција против сегашните вирусни болести како што се грипот и ковидот.

**Н. Алексоска**

ЗП Карпош

# Засадени 17 јавори

При крајот на 2023 година, на повик на претседателот на Сојузот на борците на Македонија за Карпош, Владо Трајаноски, беше организирана работна акција, да засадиме јаворови стебла, во непосредна близина на Скопскиот градски парк. Повод за оваа работна акција беше Денот на ослободување на Скопје, 13 Ноември.

Така, пред спомен обележјето на првиот Скопски партизански одред во населбата Карпош 3, во соработка со раководството на ЗП Карпош, со претседателите на ограноците и со масовно учество на членовите, се спроведе успешна работна акција и се засадија 17 јаворови стебла.

Токму на ова место во градскиот парк, во далечната 1941 година, формирана била првата партизанска единица на НОВ во Македонија. Тогаш, одредот броел 42 борци од кои 17 загинале во текот на НОВ. Овој одред храбро го трасирал патот за ослободување на македонскиот народ од окупаторите, а животите на загинатите борци се длабоко вреѓани во темелите на македонската држава.

Со гордост можеме да кажеме дека ретки се народите што имаат минато како македонскиот народ, исполнето со многубројни сурови и крвави борби, востанија и кои дале многубројни жртви за слобода и независност на Македонија. На тој начин создаден е македонскиот идентитет, историја, култура, јазик, писмо и сите потребни белези на независна, суверена, самостојна и современа Македонија. Затоа секој од нас треба да се восхитува и гордее што потоеле такви херои.



Да потенцираме дека овие 17 јаворови дрвца кои ги засадивме во чест на 17–те загинати борци, ги донираше ЈП „Паркови и зеленило на град Скопје“, во соработка со СБМ – Карпош. Дрвјата ќе пораснат и ќе ја покажат својата раскошна убавина, ќе носат позитивна енергија и ќе бидат вечен потсетник на паднатите хероите.

Освен тоа, засадувањата на дрвјата ќе придонесе за намалување на аерозагадувањето, со кое денес се соочуваме и ни претставува се поголем проблем. Тоа ќе придонесе да имаме почист воздух и здрава животна средина. Сето ова треба да не мотивира уште повеќе да садиме дрвја и да вложуваме во зелени површини. Се надеваме дека и другите институции ќе помогнат во правењето и дооформувањето на овој проект.

Овој пример треба да го следат и други здруженија на пензионери – членки на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија.

**Душан Јовановиќ**

ЗП Берово

# Долгогодишна хуманитарна мисија

По повод големиот христијански празник Св. Никола, Столе Каракутовски, сопственик на ресторанот „Мис Стон“ во беровското село Смојмирово, продолжува со својата долгогодишна хуманитарна мисија во Малешевијата. Каракутовски во просториите на Здружението на пензионери Берово, донираше пакети со прехранбени производи и хигиенски средства наменети за најранливата категорија на пензионери, кое го практикува повеќе години наназад на овој христијански празник, кој е од големо значење за



неговата фамилија. Целта на овој хуман гест е да се запази симболиката на празникот и да им се помогне на оние кои имаат потреба од помош и да се донесе барем малку светлина и радост во нивниот живот.

– Сакам на овој ден, кој е значаен за мене и мојата фамилија, но и за сите православни христијани, да помислиме на постарите, на пензионерите со ниски пензии, токму на денот кога го славиме светецот Св. Никола, кој е почитуван меѓу нашиот народ, а асоцира на хуманост, помош на сиромашните, на болните, ширење на радост и среќа на оние кои ја немаат. Веруваме дека скромните подароци ќе внесат барем малку радост и кај луѓето од третата доба.

Хуманата дејност на Каракутовски е препознатлива во Малешевијата не само на тој ден, а неговата мисија секогаш е добредојдена за луѓето кои имаат потреба од помош. **А. Кацарски**